# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Сто и седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 декември 2005 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Продолжуваме со работа по Сто и седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Никола Ќурчиев, Каролина Ристова, , Рафет Муминовиќ, Али Ахмети, Абдилаќим Адеми, Аднан Јашари, Теута Арифи, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Илија Китаноски и Љубчо Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со општиот претрес по Предлог на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Има збор господинот Сашко Кедев.

Повелете.

**Сашко Кедев:** Благодарам почитуван господине претседателе.

Почитувани пратеници, почитуван министер за финансии.

Традицијата продолжува четврта година расправаме за една од најважните точки со која што се занимава секоја парламентарна демократија паралелно со поставена новогодишна елка. Јас колку што се сеќавам во изминативе 4 години новогодишната елка беше декорот за време на расправата за Буџетот. Тоа значи дека Буџетот 4 години во континуитет се носи во последен момент. Иако, како што беше и потенцирано повеќе пати деновиве, носењето на Буџетот претставува еден од најважните, можеби најважниот државен документ кој што треба да го донесе Парламентот на Република Македонија.

Ако се навратиме малку назад и се присетиме колку изнесуваше Буџетот на Република Македонија пред седум или осум години, на пример, од 1997 година и 1998 година до денес Буџетот на Република Македонија е зголемен за една милијарда евра. Значи, годишно 1 милијарда евра повеќе одвојуваат граѓаните на Република Македонија за функционирање на сите аспекти на државата Република Македонија и тука многу е важно да го поставиме прашањето каков е сервисот што го добиваат граѓаните на Република Македонија компариран на пример со 1998 година со тој Буџет кој што беше милијарда евра помал и каков е сервисот кој што од државата го добиваат граѓаните за своите средства кои ги одвојуваат во 2005 година. И, какви се услугите кои што ќе ги добиваат граѓаните во 2006 година ако признаеме дека Буџетот за 2006 година не е сигнификантно различен од Буџетот на Република Македонија 2005 година. Која е улогата на македонскиот парламент во носењето на Буџетот. Дали некој од пратениците учествува или знае на кој начин се формираат поединечните ставки од Буџетот на Република Македонија. Кој ја сноси одговорноста за реализираните проекти, програми и исходот од трошењето на парите на граѓаните на Република Македонија. Дали досега сме виделе пример на некој преставник на Владата, на министер на финансии, на премиер, да ја земе одговорноста за неисполнетите исполнувања и на несоодветно потрошените пари на граѓаните на Република Македонија. Јас лично не се сеќавам, дека имало таков случај во нашата релативно краткотрајна историја на парламентарна демократија.

Почитувани пратеници, на сите ни е јасно дека Буџетот на Република Македонија е донесен во моментов кога истиот го усвојува Владата на Република Македонија. Значи, тоа е еден факт кој што сите треба да го имаме впредвид и да се запрашаме која е нашата улога овде, која е улогата на мнозинството, која е улогата на опозициата при носењето на овој Буџет. Која е одговорноста на тие што го креираат Буџетот и тие кои што конечно го креираат.

Одговорот е многу едноставен дека одговорност нема, отчетност нема, единствено е оставено правото на граѓаните на Република Македонија самите да оценат на кој начин се потрошени тие пари. Тоа е едно суштинско прашање и сметам дека, имаајќи го предвид фактот дека идната година е изборна година, имаме парламентарни избори во 2006 година и мораме да признаеме дека идната Влада нема да има можност да направи битни разлики во начинот на кој што се носи Буџетот за 2007 година. Значи, за 2007 година би очекувале сличен начин на носење на Буџетот. Меѓутоа, лично се надевам дека тој Буџет ќе биде пореално димензиониран и пореално ќе ги застапува интересите и правата на граѓаните кои го полнат тој Буџетот на Република Македонија.

Накратко би се задржал на поединечни аспекти, на поединечни ресори кои што се финансирани од Буџетот 2006 година. Би започнал од сегментот за македонското здравство. Со овој Буџет отприлика се предвидени околу 240 милиони евра за исполнување на еден од можеби многу специфичните и суптилни сервиси кои што би требало да го примаат граѓаните на Република Македонија, а тоа е ресорот здравство и обезбедување на државата на една оптимална здравствена состојба на својата популација. Пред неколку дена бевме сведоци на официјални прес конференции на раководните структури на најважните здравствени институции во Република Македонија и сите сме сведоци на фактот дека сите тие раководни структури се против

димензионирањето и начинот на распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија насочиени во секторот на здравстото. Истите тие раководни структури укажуваат на фактот дека македонското здравство ќе ја достигне својата најниска точка на обезбедување на квалитетни здравствени услуги токму во 2006 година. И, тоа го кажуваат луѓето, значи раководниот дел од македонското здравство, кој што е назначен и избран од сегашната Влада и ова парламентарно мнозинство. Тогаш, мораме уште еднаш да си го поставиме прашањето на одговорноста. Кој е одговорен? Јас лично сметам дека тие раководни структури не можат да се аменстираат со самото одржување на прес конференција во која што ќе кажат дека Македонската Влада не им дава доволно средства за оптимално функционирање во 2006 година. Тогаш, кој е излезот од оваа ситуација? Излезот во никој случај не е козметичко предлагање и носење на некои амандмани со кои што ќе се префрлаат средства од еден дел во друг дел и на крај нема да има никаква значајна разлика. Значи, амандманската расправа според мене во однос на Буџетот нема значајно влијание и не може да го корегира овој би кажал, сериозно субопитално димензиониран Буџет за 2006 година. Уште пред да започне 2006 година ние мораме да го лоцираме местото на одогорност. Кој, на пример, во делот на секторот за здравство ќе ја сноси одговорноста за најтешката година која што сите знаеме дека му следи на македонското здравство. Во моментов во салата број 4 се одржува седница на Комисијата за здравство на која што се расправа за Националната стратегија за здравство и дури денес дојде на дневен ред да се расправа на неколку месеци пред избори. Ова е уште еден доказ дека многу не сериозно пристапувамево раководењето во работењето на извршната власт на Република Македонија. Се ближат избори и пред неколку месеци пред изборите се расправа за суштински работи. Каде е расправата за Буџетот, како се трошат парите на граѓаните.

Накратко би ве потсетил на начинот на кој што се донесе Буџетот 2004 година. Тогаш, на еден неконвенционален начин тогашната опозиција, меѓутоа би кажал многу оригинален начин укажа и на сегашниот министер за финансии конкретно и на тогашната Влада, мислам во голем дел и на сегашнава Влада дека не смеат да се играат со парите на граѓаните, да ги потценуваат граѓаните и не може да биде традиција да се носи Буџетот заедно во услови на дочекување на новогодишните и Божиќните празници. Тоа е несериозен пристап и за жал таа порака не ја свати и сегашниот министер за финансии и тогашната и сегашната Влада. Значи, продолжува тој начин на водење и за жал, почитувани пратеници, сакале или не сакале и ние стануваме дел од таа една глобална политика, бидејќи и покрај тоа и ние ќе гласаме против овој Буџет, сепак, ние учествуваме во начинот на кој што се креира политиката со која ќе се трошат парите на граѓаните.

Повторно би се вратил на начинот на кој што ќе се трошат парите во секторот за здравство. Значи, во овој Буџет се предвидени околу 240 милиони евра. Меѓутоа, почитувани пратеници, огромни средства нашите граѓани ќе трошат вон од тие средства. Предвидувањата се дека околу 120 милиони евра македонските граѓани ќе ги плаќаат од својот џеп за приватни здравствени услуги. Македонските граѓани и покрај тоа што со години одвојуваат средства за финансирање во здравството, за полнење на Буџетот на Република Македонија и остварување на тие буџетски и вон буџетски услуги кои што им следуваат, скоро половина од средствата предвидени во овој Буџет, ќе мораат накнадно да ги плаќаат од сопствениот џеп.

Јас еднаш ве запрашав, и пак ќе ве запрашам, вие сигурно сте дел од таа популација и вие сигурно најголемиот дел од вас и за личните потреби од сопствен џеп ги плаќате лековите, за кои што одвојува организацијата и вие лично одвојувате за полнење на здравствената каса.

Релевантните меѓународини институции кои што ја контролираат нашата Влада во секторот за здравство, пред неколку месеци објавија дека неколку десетици милиони евра фалат во Фондот за здравствено осигурување и не знаат каде се потрошени тие средства. Тоа го кажамандман меѓународните контролори од Светската банка и тоа беше еден многу значаен момент, кој што во јавноста некако помина тивко. Значи, неколку десетици милиони евра ѓи нема и никој не знае каде и зошто се потрошени. Што се случи меѓувреме? Во меѓувреме Владата и понатаму го зајакна своето влијание, своето присуство и својата дефинитивна и конечна одлука во носењето на сите важни одлуки во Фондот за здравствено осигурување, со тоа што го смени Законот за здравствено осигурување и во еден од членовите уфрли една можност, еден дел дека во Управниот одбор во Фондот за здравствено осигурување мора да бидат присутни представници на министерот за здравство и преставници на министерот за финансии со цел да овозможат контрола на трошењето на здравствените пари. Меѓутоа, што можеме да очекуваме и предвидуваме од тие измени. Ние не можеме да очекуваме значително подобрување на квалитеот на трошењето на здравствениот денар, туку ќе учествуваме во едно монополско влијание и контролирање и на самиот Фонд на здравствено осигурување. Иако, во 2000 година од истите експерти на Светската банка беше препорачано дека Фондот за здравствено осигурување за да функционира оптимално, мора да биде независен, да се одвои од Министерството за здравство и да ја сноси одговорноста за трошењето на здравствениот денар. И, сега, после неколку години се употреби некоја друга варијанта дека токму по препорака на

експертите од Светската банка било препорачано дека Министерството за здравство треба да го контролира Фондот.

Тоа што значи, почитувани пратеници?

Значи, дека ние ја злоупотребуваме улогата на меѓународните институции во Република Македонија. Владата на Република Македонија е клиент на Светската банка. Светската банка не сноси одговорност на кој начин ќе се трошат парите во Република Македонија. Истото се однесува и за Буџетот. Ние гледаме дека голем дел од ставките се резултат на одредени компромиси, кои што Министерството за финансии треба да ги прави во однос на пораките на ММФ и Светската банка. Меѓутоа, треба да се знае дека ниту ММФ, ниту Светска банка не земаат одговорност во која насока ќе се движи економијата на Република Македонија, во која насока ќе се движи здравството на Република Македонија  и на кој начин ќе се реализира Буџетот во Република Македонија. Значи, треба еднаш за секогаш да ставиме крај и да не ги злоупотребуваме тие препораки, бидејќи тие препораки имаат само советодавен карактер, немаат пресуден карактер и нема влкучено сегмент на одговорност во тие препораки кои што меѓународните институции им даваат директно на Министерството на финансии и на другите делови на Владата на Република Македонија.

Сумарно, за секторот здравство би кажале дека навистина ни претстои најтешката година, која што беше најавена пред неколку дена кога и пред камерите почнаа да умираат граѓани на Република Македонија поради огромното ниво на социјалниот стрес и субоптималниот квалитет на здравствените услуги кои што ги овозможува овој здравствен систем. Од тие 120 милиони евра кои што граѓаните на Република Македонија во 2006 година ќе треба самостојно да ги одвојуваат од своите приватни фондови за лекување и здравствена нега, огромен дел од македонската популација нема да биде во можност да си го дозволи тоа. Затоа, ќе имаме уште поголема стапка на морбилитет и морталитет, пред се, од витално загрозувачките состојби на кои што се изложени нашите граѓани, исклучително и ексклузивно со ова зголемено ниво на социјалниот стрес.

Дали за нас преставува реалност и прифатливост дека после 15 години, најави министерот за финансии во неговото експозе, ние конечно ќе излеземе од процесот на транзиција на нашата економија. Со достигнувањето на нивото на бруто домашниот производ до крајот на 2006 година, со тоа што беше во 1990 година. Дали ние можеме да очекуваме дека нашите граѓани на крајот на идната година од прилика ќе имаат ист квалитет на живот, како што го имаа во 1990 година. Тоа, според мене, е многу дискутабилно прашање и не е реално да очекуваме дека ќе се достигне тоа ниво на квалитет на животот, иако се наоѓаат одредени статистички податоци, кои што сигурно му даваат за право на министерот за финансии да ги даде тие прогнози.

Меѓутоа, почитувани пратеници, и наша одговорност е фактот дека за 15 години ние непостигнавме успешна и не направивме успешна транзиција. Поразително е за 15 години да бидеме оптимисти и среќни дека за 15 години ќе се вратиме на нивото од 1990 година. Тоа е еден поразителен факт и се додека е тој е еден од показателите кој што укажува во каква состојба е Република Македонија.

Погледнете ги останатите земји на транзиција. Да ги земеме предвид земјите од поранешниот Источен блок, во каква состојба беа на крајот на 80-те и почетокот на 90-те години и каде се тие земји сега. Каков е нивниот бруто домашен производ и каков е квалитетот на животот на нивните граѓани. Значи, ние дефинитивно фактот дека имаме неуспешна транзиција, го презентираме, барем во експозето на министерот за финансии, дека е наше достигнување. Значи, крајот на 2006 година ќе го достигнеме нивото од 1990 година. Тоа е поразително, почитувани пратеници, и со тоа мислам дека не треба да испраќаме никакви оптимистички пораки на граѓаните на Република Македонија. Треба да ја испратиме реалната порака дека ни претстои исклучително тежок период, бидејќи од граѓаните од стопанството се испумпуваат огромни сретства кои што одат во еден мамутски буџет кој што не дава никаков квалитет на јавните услуги. Сите сме сведоци дека квалитетот на услугите кои ги добиваат граѓаните во изминативе неколку години не е ни од далеку ист, камоли подобар во однос на услугите кои што ги имаат пред, 5, 6, 7 или 8 години, иако тогаш Буџетот на Република Македонија беше димензиониран околу милијарда евра. Знаете, за Република Македонија што значи милијарда евра. Во едни предходни избори, едни политички субјекти многу детално презентираа и постигнаа успех на изборите со фактот што ќе се направи со една милијарда. А, таа милијарда, почитувани пратеници, ја трошиме секоја година. Значи, во еден мамудски буџет кој што не дава никаков ефект. За Република Македонија и милијарда евра се огромни средства.

Тоа значи дека не е фактот дека ние имаме сиромашен буџет. Дека имаме слаб буџет.

Почитувани пратеници, ние имаме за наши услови извонредно наполнет буџет. Меѓутоа, добро организирана држава, со ваков буџет би ја организирала јавната администрација, јавниот сектор на многу подобар начин. Сигурно би имале многу поквалитетно здравство и образование и сигурно наука и развој.

На кратко, би сакал да потсетам и на препораките кои што стојат во аналитичкиот извештај од Европската комисија, како одговор на нашиот Прашалник. Во тој Извештај се сугерира дека на Македонија од исклучително значење е инвестиција во развојот. А инвестиција во економскиот развој сигурно ќе се стимулира и ќе

се поттикне со поголемо одвојување на буџетски средства, токму во тој сектор. Значи Секторот за истражување, наука и образование. Тој аналитички Извештај и беше доставен на Владата, меѓутоа, Владата од тој Извештај на јавноста ги толкува само одредени работи кои што и одговараат. Дека имаме позитивен одговор и дека одиме на нашиот пат незадржливо. Меѓутоа, почитувани пратеници, еве го буџетот пред нас. Значи тој буџет Владата го предложи, неколку месеци после тој Извештај од Европската комисија. Погледнете ја ставката за наука, ставката за образование. Тоа се ставките кои што се вложување во развојот на државата. Тие ставки се намалени почитувани пратеници. Значи, ние имаме од една страна дословно придржување до сите препораки од европските структури од ЕУ, а од друга страна селективно применување и презентирање на фактите пред нашата јавност.

Значи, и покрај тоа што ни е препорачано дека треба да правиме развојни буџети, да се зголемат капиталните инвестиции, да се зголеми инвестирањето во науката, ние правиме обратно. На кој начин сега би образложиле дека се придржуваме кон тие препораки. Значи, ние се придржуваме кон тоа што ни одговара, или на Владата и одговара, како еден политички маркетинг пред граѓаните на Република Македонија.

Или уште еден пример. По препораките на ЕУ беше формирана дирекција за храна во склоп на Министерството за здравство и Дирекција за заштита од јонизирачко зрачење. Значи, се усвоија тие законски измени, меѓутоа, на Комисијата за здравство кога се расправаше за буџетот, претставникот на Министерството за здравство рече дека имавме кавга за време на буџетот, бидејќи министерот за финансии не ни овозможува заживување на Дирекцијата за храна.Нема вработени, не можеме да ја заживееме таа Дирекција. Значи, ние формално носиме закони по препораките на ЕУ, меѓутоа, не имплементираме ништо. Еве уште еден пример. Значи во овој буџет нема ставка за заживување на тие дирекции за храна и заштита од јонизирачко зрачење.

Ако некој од ЕУ го постави прашањето, зошто не се имплементираат веќе донесените закони кој би бил одговорот почитувани пратеници.

Одговорот би бил дека нема пари. Не е точно дека нема пари. Точно е дека парите се несоодветно распределени. И покрај се поголемото одвојување на средствата на граѓаните во буџетот на Република Македонија. Или да го земеме примерот за околу 120.000.000 евра повеќе оваа година во Секторот на јавната администрација. Дали вие верувате дека иако се собрани 120.000.000 евра повеќе во јавната администрација во однос на 2005 година, дека услугите кои што им ги овозможува таа јавна администрација на нашите граѓани ќе бидат подобри.

Јас лично се сомневам дека нашиот граѓанин ќе осети нешто од тоа сегнификантно зголемување на буџетот во тој дел за јавната администација.

Во изминативе денови, поголем дел од пратениците, пред се од опозицијата, многу конкретно посочија на конкретни забелешки во одредени ставки на одвојување во земјоделието од овој буџет. Излезот од оваа состојба во која што се наоѓаме, мислам тоа е консензус меѓу сите, дека мора да биде континуирана и жестока поддршка на развојот на земјоделието во Република Македонија како основна стопанска гранка. Искуствата од ЕУ покажуваат дека земјите од ЕУ, одвојуваат околу 40% од своите буџети за Секторот земјоделие.

Почитувани пратеници, во буџетот 2006 година Владата на Република Македонија предлага 7%за буџетот во делот земјоделие. Гледате дека има сериозна дискрапанца помеѓу стратегијата која што ја имаат земјите од ЕУ, иако голем дел од нив не го темелат својот опстанок и развој на земјоделието, меѓутоа, го следат како стратешка гранка. А во Република Македонија не постои стратешка гранка појака од земјоделието и поважна стопанска дејност која ќе овозможи еден стабилен развој во Република Македонија. Тоа значи дека македонското земјоделие и во 2006 година ќе вози со дигната рачна кочница. Значи нашите граѓани, чија основна дејност е земјоделието немаат можност да дадат значителен дел, да учествуваат во развојот на Република Македонија .

Конечно почитувани пратеници, за мене беше поразителен фактот, пред 2 дена го добив Извештајот за финансиската стратегија на Република Македонија за периодот 2007-2008 година. Значи, од Владата на Република Македонија на страница 25 беше потенцирано дека 2006-2007-2008 гдоина приходите и расходите во тие идни буџети , во однос на 2006 година ќе овозможат имплементирање на идните владини политики кои што ќе овозможат развоен буџет.

Почитувани пратеници, тоа е според мене потценување и наше потценување на пратениците, меѓутоа, пред се, потценување на граѓаните на Република Македонија.

Значи, 2006 година ќе имаме избори, меѓутоа почитувани граѓани да знаете дека оваа Влада припрема 2007 и 2008 година развој на Република Македонија и развоен буџет. Тоа е основната порака, која што мислам овој пат граѓаните ќе ја сватат. И еднаш за секогаш граѓаните на Република Македонија ќе расчистат со критериумот за успеШен политичар, за харизматичен политичар и талентиран политичар. Дека не е тоа тој кој што го лаже сопствениот народ и манипулира со него. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Томиќ имате три минути реплика. Повелете.

**Зоран Томиќ:** Јас морам да кажам дека можеме буџетот да го гледаме од секаков аспект. Сигурно дека има дел од излагањето на почитуваниот колега Кедеф каде што навистина, држат одредени забелешки, меѓутоа сакам да разговарам принципиелно. Дали ние како пратеници создадовме доволно напори при самото креирање на новиот буџет, било да сме од позиција или опозиција. Ваквата дискусија беше поттикната, колку што се сеќавам и од одреден колега од опозицијата кој зборуваше пред некој ден за буџетот, конкретно за Министерството за одбрана. Во таа прилика се нагласи дека е многу битно сите ние активно да придонесеме. Самите кажавте дека во сала 4 паралелно се одвива Комисијата за здравство и лично сметам познавајќи ги вашите квалитети, посебно познавањето на здравството, дека вашиот придонес во таа област и во тоа креирање на буџетот би било од непроценливо значење. Меѓутоа, да се негира фактот дека имаме еден сосема реален буџет дека за прв пат имаме да кажеме поголемо намалување на бројот на вработените, дека имаме бруто раст од 6% и 5% и тоа континуирано 3%, дека имаме рекордни 1,1 милијарди долари девизни резерви, сето тоа зборува за фактот дека ова Министерство за финансии навистина домаќински пристапило кон изработката на буџетот. А потполно се согласувам со вас, верувајте тоа го кажа и вашата колешка Ганка Самоиловска-Цветанова, тргнувајќи од култура, преку она што кажа Аднан Ќахил за науката. За земјоделието, во право сте консензус постои меѓу сите. Меѓутоа, ако е тоа колачот, дали може нешто да направиме во тој домен да ја помогнеме ситуацијата. Ако не, нема навистина ниту една сериозна забелешка на начинот и пристапот на она што ни се нуди во Предлог буџетот на Република Македонија. И овој буџет немојте да заборавите не само што е социјален, туку има и развојна компонента. На крајот на краиштата ќе дојде и 2006 година, па ќе видиме кој од нас ќе биде во право. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута имате господине Кедев.

**Сашко Кедев:**Благодарам претседателе.

Јас лично не би се согласил дека овој буџет има развојна компонента и сметам дека начинот на кој што Парламентот треба да учествува во носењето на буџетот, ако не сме согласни да гласаме против овој буџет. Да кажам дека пред некоја година ние ние на нековнеционален начин сакавме да свртиме внимание дека начинот на кој што ќе се трошат парите на граѓаните на Република Македонија мора да биде приоритет и на овој Парламент. Значиние треба во оваа фаза да зборуваме за буџетот за 2007 година, за буџетот 2008 година. Погледнете наоколу во парламентарните демократии за кои буџети се зборува. Пред неколку дена кога го добивме кандидатскиот статус во ЕУ се зборуваше за буџетот неколку години напред. За начинот на кој ќе се овозможуваат јавните сервиси за потрошените пари на граѓаните.

**Љупчо Јордановски:** Има збор министерот за финансии.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Решив денеска, за разлика од изминатите три дена, кога ги премолчував невистините, од време на време да укажувам на невистините.

Го слушав внимателно господинот Кедев . Политичките ставови не ги коментирам. Тие се различни. Вие сте од една партија , јас од друга. Имаме различни видувања, крајниот збор го кажуваат гласачите.

Прво, започна со тоа како 1 милијарда се зголемил буџетот, тоа го објаснив, ако не сте слушнакле, жал ми е . Ако не го знаете тоа е хендикеп за вас, одкако го објаснивме и го напишавме во буџетот.

Соопштивте дека буџетот го носиме доцна, секоја година со новогодишната елка и дека тоа претставува хендикеп на оваа власт.

Господине Кедев, вие во Собранието можете да решите новогодишната елка да ја ставите на 1 декември. Што може министерот за финансии да направи. Сега јас ќе ве потсетам како се носеле буџетите во изминатите години и како законот тоа го уредува.

Буџетот за 1999 година, во Собранието е презентиран од страна на вашиот тогашен министер во март 1999 година.

Буџетот за 2000-та година од страна на министерот за финансии експозето е поднесено, а знаете дека експозето е законска обврска без која неможе да почне расправата на 28.12.1999 година. Три календарски дена пред почетокот на новата година.

Буџетот за 2002 година, експозето е поднесено на 30 јануари, 30 дена одкако е изминатата годината.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам ова што вие дискутиравте не беше секогаш во контекст.

**Никола Поповски:** Бидете трпеливи.

Согласно со законот за буџети за оваа држава, како и во други држави има процедура. Буџетската процедура почнува во мај месец. Инволвирани се владини институции согласно Законот и други буџетски корисници, кои не се владини, Парламент, судови и другинезависни тела и процедурата согласно законот се одвива во временски утврдени рокови, согласно Законот и на крај се доставува до Парламентот.

Оваа година, Владата направи напор да го фати првиот можен рок и го достави во ноември буџетот во Собранието. Тоа значи дека комисиите расправаа 20 дена и започнавме овде расправа со мое експозе, колку што паметам во вторникот, тоа беше 20 декември. Сосема во рамки на законот, цел месец расправаме во Собранието. Ако вие замислувате дека расправата за буџетот, само на оваа говорница е расправа, да ве

негирам. За што ние во Министерството за финансии20 дена учествуваме на 22 работни тела што ги има.

Значи, сакам да ве потсетам , затоа што имам впечаток дека го знаете тоа, ама упорно го претставувате на поинаков начин. Дека процедурата е демократска во рамки на деновите што се одброени со Законот и дека најнапредната од целата историја на постсоцијалистичка Македонија. Кога ќе најдете буџет поднесен во ноември наредната година, ве молам да ми соопштите. Јас не успеав да најдам. Однапред се извинувам ако имам грешка. Ама со оглед дека секоја година сум седел во овие клупи до 2003 година, одкога го поднесувам буџетот, можам да ви тврдам со 100% сигурност.

Значи господине претседателе настапувам и како предлагач на материјалот, со право секогаш да земам збор.

Со оглед на некои изнесени во изминатите три дена, или во медиумите , на пример во живи настапи  на телевизија СИТЕЛ вчера, од страна на пратеници, лидери на партии, а во врска со буџетот, невистини, или фрлање на прашина во очите на јавноста, кои се целите на овој буџет и што мисли дека треба да биде, дозволете да потсетам. Владата на Република Македонија во 1999 година поднела буџет за 1999 година во март. Јас за тоа не ја критикувам. Јас инсистирам упорно во овој Парламент да имаме сериозна расправа. Ама сериозна расправа. И секогаш на вистината да и гледаме во очи, инаку нема да одиме напред. Малку сум разочаран искрено да кажам, дека 99% од расправите што почнуваат во овој Парламент, почнуваат со констатацијата министерот за финансии изнесе неточни податоци на кои ние не веруваме и понатаму јас не знам веќе што да разговарам со таков пристап. Не можете едноставно да комуницирате со човек кој вели имате раст од 4%, ама ние не ви веруваме. Имате намалување на невработеноста, ама ние знаеме дека таа е зголемена и уште 10 такви воведни реченици и после тоа јас не сакам да расправам. Ние мораме да бидеме сериозни во пристапот кон работите со оглед дека имав впечаток дека има масовна амнезија во Република Македонија, јас во изминативе 2 дена, слушајќи ги сите пратеници, особено од опозицијата, ги проуч!ив буџетите и експозеата. За 1999 , 2000-та, 2001и 2002 година, особено низ призмата на критиката на тие Што ги поднесувале буџетите, или тие што ги бранеле во овој Парламент.

Сега ќе прочитам само за 1999 година. Меѓутоа, ве уверувам ако има потреба ќе ги читам денеска сите до 2002 година. Чисто некои работи да ги расветлиме.

На пример во 1999 година Владата на Република Македонија во буџетот за 1999 година соопштила. Цитирам: " Буџетот на Република Македонија од 1999 година по обем и структура е проектиран за остварување на следниве цели:

1. Макроекономска стабилност на Македонија во 1999 година.

2. Стабилен и реален курс на денарот во функција на развојот.

3. Ниска инфлација" и продолжува до 12.

Понатаму, поаѓајќи од глобалните цели и задачи на макроекономската политика за 1999 година како определбата за рестриктивен буџет, експозе поднесено во ова Собрание.

Понатаму, буџетскиот дефицит цитирам: "изнесува 377 милиони денари, или внимавајте, 0,1% од општествениот производ.

Министерот направил грешка , мислел на бруто домашниот производ. Општествен производ не постои од 1990 година. 0,1% внимавајте и продолжува и тој во однос на 1998 година, претходната, е намален за 50%. Значи, ,која била определбата на Владата.

Тоа што годините завршувале со дефицит се должи на несобирање на приходите од страна на Владата, по мерка која била проектирана и затоа создава поголем дефицит. Уште полошо, во споредба со проекцијата.

И уште едно од 1999 година, меѓутоа ќе бидам денес малку упорен, па ќе разговараме за се. Цитирам: "Капиталните трошоци како развојна компонента на Буџетот за 1999 година се зголемени и тие изнесуваат 2 милијарди и 558 милиони". Курсот на денарот и денес е ист. 2.550.000.000 е помалку од половината од капиталните инвестиции, само на Централниот буџет за кој се однесува ова експозе. Денес тие се близу 6 милијарди. Понатаму нема да продолжам да читам, ниту за 2000, ниту за 2001, 2002 година. Меѓутоа, ако има потреба ќе кажам некоја од определбите кои важеле, ако и денес на големо се зборуваат, вклучувајќи ја и политиката за земјоделието, политиката за платите, политиката за социјалните давачки, макроекономската политика, стабилноста, фискалната и даночната политика.

**ЉупчоЈордановски:** Благодарам.

Повелете господине Кедев, три минути реплика.

**Сашко Кедев:** Почитуван господине министер за финансии, мојата намера воопшто не беше да го потенцирам начинот на кој различно, сегашната Влада ги носи буџетите од претходната влада. Воопшто немам намера да бранам или да амнестирам некои претходни владини функционери или премиери на претходни влади и тоа мислам дека треба да претставува сегмент кој нема да му биде од интерес на никого од Парламентот, ниту опозиција, ниту позиција.

Вие ги добивте изборите на 15 септември 2002 година, предложивте своја агенда и граѓаните на Република Македонија очекуваат и ние очекуваме прогрес. да не се навркаме на минатиот период. Да потсетам, сега имаме статус на земја кандидат за полноправно членство во Европската унија, статус на кој сите сме многу горди. Дали некој од

претставниците на Меѓународната заедница, слушајќи го вашето образложение на начинот на кој го носите Буџетот, ќе смета дека вие имате сериозен пристап. Не треба да се враќаме назад. Овој статус што го имаме, кандидат, не е само привелегија туку носи и обврски за едно позрело и поодговорно однесување.

Претходната Влада ги избуги изборите во 2002 година, тогашното мнозинство. Ги изгуби и ја плати политичката цена. Ја сфати лекцијата, како што и вие ја сфативте 1998/1999 година и затоа 2006 година и вие ќе бидете од оваа страна на Парламентот. Меѓутоа, тогашната Влада, не за 2007, меѓутоа за 2008 година, јас се надевам дека ќе го започне процесот на дискусија за Буџетот многу порано.

Точно е дека формално-правно вие сте во законскиот рок за влегување во собраниска процедура на Буџетот, меѓутоа тоа не е доволно. Не се доволни ниту механизмите што ги имаме, како пратеници, да влијаеме на Буџетот. На кој начин да им објасниме на граѓаните дека кога пратениците не можат да влијаат на Буџетот, на кој начин граѓаните ќе влијаат. Значи мораме да направиме прогрес и сите заеднички мораме да го зголемиме влијанието на Парламентот, на наинот на кој ќе се дефинираат условите и на кој ќе се трошат парите на граѓаните на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Да, господине Кедев, вие сте во право. Токму од тие причини буџетите веќе не се предлагаат во јануари и во март за таа година, туку се поставуваат во ноември. Токму од тие причини денес имате, вие ја кажавте финансиската стратегија, инаку се вика фискална стратегија за наредните три години, документ кој го имате пред вас, кој е транспарентен и кој Парламентот го има на увид. Токму од тие причини Министерството има фискална стратегија за наредните пет години. Токму од тие причини вчера ја добивте и Стратегијата за управување со јавен долг за наредните пет години и токму од тие причини постојат уште десетици други документи кои се навремени. За Република Македонија веќе нема неизвесност во таа смисла. Вие можете тоа да го прифатите или не. Меѓутоа факт е дека имаме огромен напредок во транспарентноста и во начинот на кој расправаме за тоа. Вас може да не ви се допаѓа дека парите одат за култура или за здравство или за образование или за надворешна политика, што е предмет на политичка определба на Владата. Меѓутоа, не можете да занемарите дека имаме стратегии за три-четири години однапред секоја година и секоја година се потранспарентна. Не е случајно, тоа ќе го повторам дека во авито на Европската унија е напишано дека економската и монетарната, а кога се мисли на економската, се мисли на макроекономската и буџетска политика, се приближени до нивото да нема потреба од крупни чекори за да се задоволат стандардите на Европската унија. Знаете кои секрупните чекори? До 2010, 2011 година ако станеме членка и Европската унија многу ќе биде сменета. Ќе треба да го одржуваме тоа. Јас ве уверувам дека оваа Влада, тоа што вие го кажавте, во таа смисла направи крупен чекор. Јас ќе ја поздравам секоја идна Влада, веројатно во идната нема да учествувам, во која Република Македонија однапред ќе знае во кој правец зе движат нејзините јавни финансии.

Ако имате фискална стратегија и ако имате управување со јавен долг во смисла која, тука сега не можеме долго да разговараме, а која е многу експертска, ако ги имаме приходите кои се врз основа на редовните приходи, тековни и приходите кои ги имаме врз основа на имот и расходи, а тоа е управување со јавниот долг, таканаречената финансирачка страна на Буџетот, која Парламентот не ја гледа, а која, верувајте дека е 30% од Буџетот, а која е побитна од оваа другата, затоа што овозможува таа горе да функционира, тогаш ќе видите дека ние денес, до 2008 година, а во Министерството за финансии уште плус две години, имаме стратегии како да управуваме со неа. За нас нема веќе неизвесности. Нема неизвесности, јас ве уверувам, освен ако Република Македонија не направи крупни проблеми и грешки со управување со јавен долг и во фискалната политика. За нас нема да има ситуација во која ние не знаеме каде се движиме.

Сега господинот Чашуле гледам дека е на ред, со него ќе комјницираме, претпоставувам, од оваа говорница, кој имаше јавно обраќање на Комисијата каде спомна нешто за одбраната и за надворешната политика. Одбраната и надворешната политика, го спомнавте НАТО. За НАТО, нашата проекција е таква која овозможува на долг рок фискална одржливост на најкрупното фискално прилагодување на Република Македонија. Вие тоа можете да не го прифаќате, меѓутоа, вие во Парламентот ја донесовте таа стратегија за НАТО. За неа јас би сакал да разговараме на Комисијата за надворешна политика, за одбрана и безбедност, на затворена седница, за да разговараме што се моите видувања, што се случува со тоа и кои ќе бидат последиците, вакви или такви. Меѓутоа, она што е најважното е дека ние имаме фискална издржливост за тоа. Фискална издржливост знаи дека вие утре нема да се соочите со проблем дека влегувате во НАТО и за Европската унија, ви тврдам, ќе разговараме за тоа, само да имаме фер и отворена расправа, без дисквалификации, без омаловажувања и без ситуација во која кажуваме, видете, вие имате овде 100 милиони, ама ние да не веруваме, како што беше претходно изнесување, во завчерашниот ден. Јас не верувам дури ни во фискалните податоци на Министерството за финансии.

Фискалните податоци за разлика од статистичките податоци кои се агрегатни и кои некогаш се физички, се точни до 0,5 дени, па го заокгружуваме на еден. Значи тука, апсолутно ви тврдам со својата функција и како човек дека во фискалните податоци не може да има проблем затоа што тие се видливи. Од тој агол не можеме и не можам да ја прифатам вашата забелешка дека е така, затоа што знам и зата што тоа е потврдено и од Европската унија. Јас се согласувам дека Европската унија има забелешка, дека ние на полето на конкурентноста не сме напрвиле многу, особено во јавниот сектор и затоа не сме во Европската унија. Да направевме како Словенија во 1996 година, ќе бевме, можеби. Меѓутоа 1996 година Европската унија воспостави дипломатски односи со македонската држава, кога сите веќе имаа статус на асоцијативно членство. Но, да не се навраќаме назад.

Меѓутоа, да се тврди дека во ова не сме постигнале напредок, тоа го потврдува, со оглед што во нашата држава се доведовме во ситуација дека ако министерот за финансии каже, тоа се зема со резерва. Ако каже, дозволете да кажам, било кој од некоја меѓународна институција, било кој , дури и резидентен претставник кој врши испитувања, тука во Република Македонија, ќе му го землеме неговото за повредно. Но во овој случај дури и тие, Европската унија и ММФ и Светска банка кои се релевантни, Европската унија мислам на Џибаџет, на Гнералниот директорат за Бџет на Европската унија кој е кореспондент на Министерството за финансии. Во Комисијата имаме соодветно укажување дека работите се одвиваат во позитивна насока. Не можеме сега да кажеме, таму каде што немаме, дека го имаме, само да се каже.

И уште нешто за меѓународните податоци на кои се повикувате.

Во меѓународните организации, како и во целиот свет, податоците течат од долу нагоре. Значи, колку е нашиот показател за нешто, не е податок кој го пресметал ММФ или Светска банка или Европска унија, па ние сме го презеле, туку обратно, тие ги преземаат од нас и нема потреба воопшто да верувате на нивни или на наши податоци, кога тие ги преземаат од нас, освен на испитувања кои тие ги вршат по пат на анкета, како што го прави УНДП месечно, прави анализа на јавното мислење и врз основа на тоа влече податоци. Меѓутоа ова е Собрание на Република Македонија. Тука важат податоци на официјалните органи на Република Македонија. Не важат податоци на анкети, спроведени дури и од ОН, или од нивни проекти како што е УНДП во Република Македонија. Извинете, тоа не се официјални статистички податоци. Тоа се испитувања на јавно мислење, на примерок од не знам колку, 700 или илјада испитаници, или 1700 нека е. Тие се само некаков показател за односите кои можат да влдеат врз основа на анкета, меѓутоа не можеме ние буџетска политика да проектираме врз основа на нив. Апсолутно ве уверувам и апелирам до вас, поодговорно да ги користиме податоците и ако нешто се соопшти дека не е така тоа да се прифати.. Не мора по секоја цена да бидеме противници за секој искажан податок овде. Не мора. Апсолуно не мора, затоа што има статистички показатели кои се такви.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Србиновски вие баравте реплика на претходниот говор. Повелете.

**Илија Србиновски:** Благодарам претседателе.

Почитуван министре, каков буџет направивте? Бројките говорат што направивте. Откако дојдовте вие министер за финансии, во Република Македонија направивте најголем хаос, особено во земјоделието. Едноставно, земјоделците ги уништивте. Во овој Буџет и претходниот, воопшто не водите сметка за земјоделците.

Да ве прашам, колку е поголема таа Словенија од нас. Ако кај нас се одобруваат 6 до 7 милиони евра во буџетот за земјоделието, во една Словенија се одобруваат 150 милиони евра. Па колку е поголема Словенија? Или во Една Хрватска се одвојуваат 250 милиони. Ако не знаете, видете ги податоците како таму се движи работата во земјоделието, земете ги тие податоци и дајте нешто, направете.

Околу тоа дали Буџетот ќе биде правен пред два месеци или по три месеци, мислам дека таа е реалноста и сериозноста, што не направивте ништо за граѓаните на Република Македонија. Познато ви е дека во Република Македонија, особено за една држава, за развој, главен столб на развојот е змјоделието. Од него се тргнува. Која индустрија штитиме? Нема проблем. Нека живеат сите институции на системот. Меѓутоа, главна гранка за развојот на државата е земјоделието. Од него се почнува за да оди напред државата мора да се дадат средства во земјоделието и кога ќе тргне оваа држава напред и во Европа слободно можеме да влеземе. Во Европа со празни стомаци не не примаат, господине министре.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Самоиловска имате три минути реплика. Повелете.

**Ганка Самоиловска-Цветанова:** Почитуван министре, веројатно во недостаток на аргумети да го браните сегашниот Буџет односно предложениот Буџет за 2006 година, упорно се навраќате на претходните буџети. Неколку пати спомнавте, како најголем аргумент, дека Буџетот во 1999 година бил донесен на 12 март .

Исто така од оваа говорница се деклариравте за голем љубител на вистината. Ако сте толку голем љубител на вистината, ве молам бидете доследни на самиот себе си и кажете зошто тој Буџет е донесен на 12 март 1999 година.

За да ја потсетиме јавноста, во 1998 година, во ноември месец имаше парламентарни избори. Значи вашата администрација која до ноември 1998 година, вашата Влада требаше да го подготви Буџетот за 1999 година. Значи донесувањето на Буџетот за 1999 година, што е направено во март истата година е ваш недостаток и недоследност. А како голем љубител на вистината, тоа требаше да го спомнете.

Вашето денешно излагање беше збир на паушални реплики. Не знаеме ни кому, ни зошто реплициравте. Зошто? Затоа што во текот на вчерашниот ден, кога се дискутира за еден од најсериозните документи, тоа е Буџетот на Република Македонија, вие воопшто не бевте присутен. Претходниот ден се појавивте само неколку часа. Со тоа покажувате не само дисреспект кон пратениците, туку и кон граѓаните на Република Македонија и начинот на кој се трошат нивните пари. Но почитуван министре, не сте вие виновен, не е виновна ни вашата Влада. Виновен е целокупниот парламентарен состав кој заради ваквиот Буџет треба вака структуираниот Буџет, да не го изгласа, па еднаш за секогаш да се покаже каде е силата кај граѓаните, а силата кај граѓаните е онаму каде што тие го дале својот легитимитет, а тоа се пратениците на Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете министре, имате една минута контра реплика.

**Никола Поповски:** Нема потреба од жолч во расправата.

Јас самиот кажав дека за 1999 година знам зошто е во март. Затоа што е изборна година. Меѓутоа, само да потсетиме дека Буџетот и за 2003 година се донесе во март, затоа што тогашниот министер, нормално му требаше повеќе од еден месец откако е избран на функција, да предложи буџет за изборните години. Сега ако обвинувате за едното, тогаш важи и за другото. Проблемот не е во 1999 година. Проблем е 2000-та, 2001 и 2002 година, кога буџетите се носени или во јануари, или на 28 е поднесувано експозето овде и се расправало последните два дена од годината.

Во врска со присуството, јас бев присутен секој ден освен вчерашните четири часа и тогаш беше присутен заменикот, што е исто така согласно со Деловникот, а впрочем бидете уверена дека сум поприсутен од многу пратеници од вашата пратеничка група.

**Љупчо Јордановски:** Благдоарам.

Господине Караџоски повелете три минути реплика.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Почитуван министре, се согласувам со тоа што велите дека нема потреба од жолч во расправата и јас благонамерно би ви препорачал и кај вас не треба да има нервоза, затоа што очигледно е дека сте нервозни. Навистина, не гледам причина зошто треба да има нервоза во една расправа. Секој пратеник има право да полемизира и со бројки и со ставовите во стапките во Буџетот, па и со она што значи економска политика. Не значи дека единствената вистина е таа што вие ја зборувате, затоа што сите ние гледаме со различни очи и кога ги читаме и кога ги анализираме и економската политика и она што значи во Буџетот.

Јас само би сакал да ве потсетам дека дури и вчера претседателот на државата во своето обраќање одредени критички забелешки што се однесуваат на економската политика. Јас само ќе ви кажам неколку зборови што ги кажа, како слаба економија, ниско ниво на инвестиции. Тоа се негови зборови. Еве го цитирам и него. Значи немојте да обвинувате се.

Дека има нелогичност во бројките, јас само ќе ви дадам еден пример, а потоа ќе ги кажам и другите во дискусија.

На пример даночните приходи за 2006 година се зголемуваат за 6,4% повеќе во однос на 2005 година, од кои најголемо учество на даноците на стоки и услуги, односно ДДВ и акцизи и каде отпаѓаат околу 70, 7% од даночни приходи. Прашање е, зошто се планира намалување за 2,2% на приходите од персонален данок на доход во однос на ребалансот во 2005 година, ако се земе предвид дека во периодот јануари-септември 2005 година е евидентирано засновање на 102.114 нови работни односи, според вас и вашите бројки, односно бројот на невработените лица сте го намалиле за околу 5,6%. Значи има нелогичност. Ние како пратеници сме должни да укажеме на таа работа. Или ние не ја разбираме работата, или вие премногу ја разбирате. Значи нема потреба од нервоза, кажете, објаснете.

За другите разлики по бројките, за тоа во дискусија, кога ќе се јавам

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине министре една минута.

**Никола Поповски:** Многу едноставно, затоа што согласно Законот за финансирање на локалните еидници, 3% од приходот од персоналниот данок на доход се одлива директно во општините без да влезе во Буџетот, за разлика од ДДВ, каде што велгува во Буџетот, а пота го трансферираме за нив. Ова, директно се одвива во буџетите на локалните самоуправи и ги зголемув анивните буџети.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Митковска, за реплика сте?

Повелете, имате три минути.

**Милка Митковска:** Благодарам господине претседател.

Искрено речено, јас очекував господинот миниситер да зборува за Буџетот како инструмент на земја кандидат за рамноправно членство во Европската унија, колку тој Буџет е прилагоден кон стандардите на Европската унија и кои ќе бидат ефектите од тој Буџет за влез во

Европската унијакако и за стандардот на живеење на македонскиот народ. А, вакво зборување, повеќе правење споредби со буџети од години на воени кризи, воопшто не претставува сериозен пристап, освен приказни, да зборуваме за ланскиот снег, за што нема ефект. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Министре, една минута контра реплика, повелете.

**Никола Поповски:** Јас би ја замолил почитуваната колешка да ги прочита документите и експозеата па ќе ги најде одговорите на прашањата што ги постави.

А, би сакал да и сугерирам да размислу дека освен 2002 година кога се носел Буџетот и еден ребаланс во 2001 година, буџетите за 1999, за 2000 и 2001 година не се носени како воени буџети. За тоа што тогашната Влада не можеше да предвиди месец дена пред Буџетот дека во Република Македонија ќе избие криза. Значи, беа поднесени како мирнодобски, а не беа донесени како воени, како што таа ги соопшти. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Чашуле дојдовте на ред, повелете.

**Слободан Чашуле:** Благодарам господине претседател.

Се радувам што го гледам минситерот тука и се радувам што има слух за нашите пораки, е подготвен да полемизираме. Тоа е најдобрата страна од сето ова што се случува и оваа и претходните години, кога е на дневен ред најважната задача на парламентаризмот, историски и фактички и за во иднина гледано, а тоа е како парите што граѓаните ги издвојуваат за да функционира државата, ќе бидат потрошени.

Добро е што почнавме да водиме полемика што концентрично се доближува до суштината на пробелмот. Јас, инаку, се трудам да земам збор само кога ценам дека имам нешто да кажам по повод важно прашање и мислев да исчакам да помине општата расправа, да поминат амандманите, па на крај, по самиот текст, бидејки не сум финансиски експерт, да кажам одредени свои согледувања откако ќе видам барем некакви контури на она што Владата и Парламентот ќе го уобличат за да бидат финансиите, односно да биде начинот на кој ќе се трошат парите на граѓаните во иднина.

Но, една порак аод јавноста, вчера ме убеди или ме инспирираше дека треба да земам побрзо збор.

Во таа константна битка, и сега ќе објаснам, расправајки по Буџетот и по крупното прашање околу кое гледам дека се врти расправата, ќе обајснам што сакам да кажам и ќе се потрудам, ако ништо друго, да помогнам во полемиката да дојдеме до решение.

Имено, во таа константна битка помеѓу јавноста и политиката, Парламентот вчера беше прозван. Празна сала, демотивирани пратеници. И, одговорноста, сосема неоправдано се префрли на народните избраници.

Зошто велам непотребно, неодговорно? Заради тоа што без оглед на усилбите да бидеме креативни, без огледа на тоа дали ние како опозиција ќе бидеме вешти во пишувањето на амандманите, овој Буџет, таков каков што е, со минимални измени, се надевам дека ќе има повеќе, но не можам да прогнозирам, ќе биде усвоен.

Според тоа, јас, во таа порака од јавноста, гледам општа немоќ. Наша, да смениме нешто. А и јавноста, преку нас, да изврши некакво влијание. Парите се тие, Владата во еден процес во кој што вели дека биле вклучени сите минситерства и чинители од мај месец до ноември, што е сосема во ред и со Законот и не гледам проблем во роковите, стокмила одредени прогнози и ги прифатила тука и прогнозите за трошоци на Собранието, а ние пратениците, или јас барем како пратеник, не знам.

Што сакам да кажам? Сакам да кажам дека мнозинството, верно на пропорционалниот модел и партискиот идеолошки парламент што го имаме ќе си го изгласа Буџетот, а ние како опозиција ќе треба да исчекаме да дојдеме на власт, па и тогаш, бидејки системот ни е тој, најверојатно дисциплинирано ќе ги следиме директивите од центарот на партијата што ќе биде на власт или на партиите и повторно, без некое поголемо учество ќе го донесеме Буџетот.

Тука сега се поставува вистинското прашање која е улогата на Парламентот? Јас и порано земав збор по оваа тема, сега, но ќе повторам дека впечатокот дека сме само заверувачи, со минимални измени и корекции на она што ќе ни се поднесе, своевиден врвен нотаријат, ние друга улога немаме. Значи, проблемот не е во овој Парламент, не е во оваа Влада, не е во овие партии, не е ни во претходните парламенти, ни во претходните влади, ниту пак комбинацијата на тие партии што биле на власт, туку е во системот.

Се согласувам дека овој пат добивме Буџет доста брзо. Но, чуму? Што битно, крупно, стратешки важно, според мислењето и на позицијата и на некои пратеници, и на опозицијата и на некои пратеници од опозицијата ќе се смени? Ништо. Значи, треба да го смениме начинот на кој што го создаваме Буџетот на државата.

Не ја спорам главната улога на Министерството за финансии како координатор и уште помалку на Владата. Но, во тој процес од мај, до донесувањето пред комисиите овде, има демократии каде што собраното доаѓа на прво читање во, за тоа, надлежните комисии во Собранието. И тогаш почнува разгледувањето на тоа колку ни е чергата и што сакаме со нејзиното трошење на постигнеме и дали тоа што сме си го псотавиле како задача е реалистично или не, имаме ли пари, имааме ли човечки ресурси тоа да го завршиме? И, кога би имале еден таков

континуиран процес на заедничко разгледување на начинот на кој што оние скудни средства што ги имаме ќе ги трошиме, тогаш ќе можеме во таа размена на мислења што не мора да оди и на Пленум, а не би било лошо, има парламенти кои тоа го прават, кога ќе дојде до затворањето на Буџетот, тогаш низ еден процес на целосна транспарентност и активно учество на сите повикани чинители ќе можеме да речеме дека, навистина сме ја искористиле историската улога, темелната улога, единствената улога заради која што почнале да постојат парламентите, а тоа е да на носителот на одговорноста за власта и за функционирањето на државата, значи во случајов извршната власт, сме и определиле онолку средства колку што мислиме дека може да потроши на начин на која таа, со сите можни креативни корекции го предложила. Тоа е таа "моќ на ќесето" со која почнаа да постојат парламенти. Значи, покрај носењето на закони, најважната улога на Паралментот е да бдее над заедничкиот имот на граѓаните кои тие, преку даноци, го издвојуваат за функционирање на државата.

Тука изгледа дека е пробелмот што не доведува до тоа да при постојниот политички поредок имаме буџети за кои што дел од политичката структура, застапена во Парламентот и вон него и дел од јавноста, не се задоволни, но таква ни е демократијата каква што е и мислам дека е добро што полемиката ја започнавме сега на оваа тема. Добро би било во процесот што ни претстои за приближување кон стандардите на Европската унија за да си имаме наша европска држава, да седнеме и да почнеме да размислуваме во таа насока, како што, морам да признам, секоја чест, ова Министерство за финансии води сметка за финансиската перспектива на државата.

Така, можеме да почнеме да разговараме и за тоа кои ни се целите како држава, особено сега ког ани претстои почнување на преговори со Европската унија и превземање врз нас на, и тука се согласувам со министерот, треба да седнеме на Комисијата за надворешна политика, на заедничка седница на Комисијата за одбрана проекциите на нашето членство во НАТО да ги видиме и да видиме што, оти јас така ги гледам нештата, јас така гледам на животот, така гледам на човековата активност, што ни е целта и колку имаме средства да ја постигнеме, ако немаме доволно можеме ли да ги најдеме, ако не можеме да најдеме, тогаш да направиме етапи до постигнување на целта.

Благодарам минситре што пораката сте ја сослушале и се надевам дека ќе имаме можност да седнеме и да разговараме за тежината на одговорноста што ќе падне на плеќите на нашата држава од која не смееме и не сакам да побегнеме со приемот во НАТО. Тоа да го почнеме сега, наредната влада во кој и да е состав, врз основа на одговорно согледана задача, ќе може тоа да го проектира, бидејки членството во НАТО не е ниту на левицата,ниту на десницата, туку е за добробит на граѓаните на Република Македонија и во нивно име.

Е сега, кога дојдовме веќе до целите на оваа Влада, онака барем како што се искажани на повеќето настапи, па и овде, на премиерот, а и врз основа на задачите што произлегуваат од новиот квалитет на Република Македонија, а тоа е кандидатскито статус, јас имам впечаток во кој верувам, дека приоритетна задача ни е да постигнеме стандарди и вредности што ќе не доближат до стандардите и вредностите на кои се темели Европската унија.

Оттаму, мислам дека во Буџетот, барем во оној дел каде што јас, бидјеки немам експертско знаење за другите делови, се потрудив да навлезам во детали, сметам дека можеше да се стори повеќе. Особено во претставувањето на нашата држава во странство.

Туак, ние со минситерот си водиме полемика од Буџет до Буџет и добро е што водиме полемика. Тој припаѓа на едно политичко мислење, јас на друго, но факт е дека и двајцате не интересира каква слика има Република Македонија онаму каде што треба да станеме членови или кон оние земји кон кои се приближуваме.

Имавме, во фазата на исчекување на потврдата од Советот на Европската унија, една ситуација во која што забрзано, а секогаш кога нешто се прави забрзано понекогаш е избрзано или недоволно квалитетно, тргнавме да ја проектираме Република Македонија со нејзините вредности, нејзиното значење и нејзината улога на фактор на стабилност и мир во регионот. Што значи дека ако имало, а јас не знам и ќе се потрудам да добијам одговор, стратегија како Република Македонија во државите како Франција, Холандија, Данска, Португалија, Шпанија ќе ја претставиме, и ако во таа стратегија биле одредени од средства од Буџетот, и ако беше ова резултатот, значи не сме сториле доволно. Ако немало уште пострашно, значи немаме стратегија, така што ни се случи во последните три дена пред гласањето во Советот на Европската унија, холандските медиуми самоиницијативно да се обратат до јавноста во Република Македонија, до одредени политички чинители и да почнат да ја убедуваат својата јавност дека Република Македонија има вредности, дека Република Македонија мора да биде земена предвид, затоа што таа е, во крајна линија, успешен проект на Унијата, бидејки инструментите со кои што обезбедивме стабилност и кандидатски статус се инструменти што ги изградивме и одговорно ги спроведуваме заедно со Европската унија. Значи, што скаам да кажам, ако во оваа фаза на нашето приближување сме оделе и вака и така, без да речам стратегија, национална, без проектирани можности, без проектирани цели што тие можности треба да ги остварат, без одговорно определени носители, сега тоа ќе мора да го нарпавиме.

А, и покрај тоа што се трудев, знаејки дека ни се скудни средствата, не можев да видам дека во овој Буџет или воопшто во концептот на оваа Влада како Република Македонија да ја претстави кај своите партнери иам јасна визија? Јас сакам да укажам на еден апсурд. Државата што успеа да преброди криза, што своевремено ја преговори и ја потпиша Спогодбата за стабилизација и асоцијација ни овозможи, со помош на Унијата и заеднички инструменти да ја пребродиме кризата, во овој момент сеуште не фигурира во јавноста, кај нашите приајтели, како држава со извонредно културно богатство, со неверојатни туристички можности, со наслаги на минато од извонредна културна етнографска вредност, држава на природни убавини, проекцијата на нашата држава, за жал и онаква каква што ние самите ја кажуваме за нас и нејзината рефлексија во медиумите, држава на завадени племиња, држава на криминалци, држава на нестабилнсот, држава на корупција, држава на организиран криминал, и потоа кога ќе почнеме да добиваме одгласи од нашите партнери дека можеби треба да потпричекаме, се чудиме зошто.

Јас не велам дека оваа слика не е блиску до стварноста и не е верна. И не велам дека треба да престанеме да се критикуваме за да можеме да ги поправаме грешките што во овој наш стадиум на развој, во ова наше неопштество, овој наш транзиционен живот ќе ни се појавуваат. Но, од друга страна, улога на државата е да каже дека имаме 2 илјади годишен мозаик во Плаушник. Еве, да не зборуваме за црквата. За тоа што е откриено. Да кажеме дека имаме живо езеро кое блика со вода и кое соседната држава, ако ништо друго, секоја година ја спасува од мрак и повторно е живо. Дека имаме можности да произведуваме здрава храна. Ние се радуваме кога Холанѓаните ќе ни дојдат во Охрид, меѓутоа, јас би сакал да ми каже некој, еве, во сета моја неукост, што сторивме ние како држава, без оглед кој е на власт, врз основа на која стратегија ние им се прикажавме на тие Холанѓани па да дојдат во уште погоелм број? Кој од вас има можност да чита странски списанија "Еконоомист", "Фајнејншел Тајмс" оние од нас кои можат да гледаат сателитска телевизија, многумина во Република Македонија тоа го можат, ќе видат, на пример, еве нам блиската Хрватска со која делевме иста држава и со која не сме далеку во проблемите што таа иста држава ни ги остави во наследство, како таа се промовира. И пота, не треба да не чуди тоа што е прифатена.

Значи, треба да се направи рамнотежа. Да, ние имаме проблеми, ама нашата држава има вреднсоти. Тоа, сосредствата што ги има Министерството за надворешни работи, Агенцијата за информирање што оскудева во се па дури и во статус, за мене би требало да биде министерство за инфорамции, новиот и честитам што формиравме Секретарјат за евроинтеграција, не може со овие скудни пари, вака распоредени и парцијално дадени без некоја, пак ќе речам, за мене позната и опиплива стратегија, толку значајна работа да извршат и знаете што? Кога ќе почне, прво, до почнувањето на преговорите не чека фаза на потврдување на одлуката и постојано инсистирање пред нашите апртнери во светот дека Република Македонија ги исполнува Копенхашките критериуми. А, кога ќе дојдат преговорите, поглавје по поглавје ние ќе треба да го афирмираме тоа што го имаме од памтивека, тоа што сем го затекнале и како тоа го решаваме, почнувајки од туризмот, до земјоделието, до одбраната,до реформа на полицијата, до реформа на судството, до реформа на целокупниот живот. Значи треба да бидеме активно присутни во се.

Јас знам дека му е тешко на министерот да ги слуша овие работи, знам колку е тешко при толку малку средства да вршиш рамнотежа, но ако нам приоритет ни е да влеземе во ова семејство на народи со отпочнувањето на преговорите врз основа на кое потоа ќе можеме, доколку сме вешти, да свртиме фондови за дотерување на нашата стварност и забрзување на процесот на изградување на демократска држава, тогаш мислам дека овој дел, значи сегментот на надворешните работи, сегментот на пропагантниот настап на Република Македонија, сегментот на контактите, учеството во мултилатералните организации на Република Македонија треба да биде кренато многу високо во приоритетите. Секако не би можеле да изградиме европска држава ако не инвестираме во образованието, ако не инвестираме во здравството и тука морам да се согласам не само со колегите од Собранието, колегите пратеници кои имаат критички забелешки кон земјоделството, туку пред некој ден слушнав една многу јасна порака од еден експерт од Словенија кој укажа дека Република Македонија покрај потребата да се претстави, не може да претендира брзо инкорпорирање во пазарот на Европската унија ако не го консолидира своето земјоделство и ако не почне да го крева.

Значи, овде не станува збор за недоверба во министерот, најмалку од се станува збор за недоверба во бројките, овде станува збор за демократска разлика во приоритетите и разлика во однос на тоа како ќе успееме да се доближиме, врз основа на она што го имаме, до определена цел. Сите цели со ваква сиромаштија, со 360 илјади невработени, со дел од стопанството во стечај, другиот дел едвај успева некако во ова неповолно светско, а пред се регионално опкружување да заживее, ние не можеме сите цели да ги постигнеме и не можеме да одиме фронтално да имаме успеси. Но, ако правиме и се радувам што правиме долгорочна стратегија, тогаш во таа долгорочна стратегија треба да ги фиксираме долгорочните цели и да изградиме еден приоритетен пристап кон нив.

Сега да се вратиме на темата заради која јас бев критички расположен кон претседателката на

Комисијата за европски прашања, а гледам и министерот денеска кажа дека чувствува потреба да разговараме што во моментот кога пред Република Македонија како приоритет број 1 се поставува Европска унија што господинот министер или било кој од Министерството не беше присутен на Комисијата. Претседателката сосема исправно и чесно рече дека ние како Комисија не сме ги поканиле и од таа страна јас чувствувам одговорност, но добро е кога веќе министерот за покренува таа работа, јас би сакал сега навистина да ми одговори дали мисли дека може тој Секретаријат за евроинтеграции со 152 милиони да ја заврши задачата што наскоро ќе биде поставена пред него.

Ако ги издвоиме 40-те милиони кои треба да одат и тоа е сосема логично и тука нема спор, во Унијата, во фондовите, нашето учество. Од друга страна 60 милиони кои ќе бидат дистрибуирани барем онака како што успеа господинот Тилев кој го раководи тој Секретаријат да ни објасни во хармонизацијата на одредени институции во повеќе сегменти на јавната администрација, тоа се 100 милиони и останувaат 52 милиони за Секретаријат кој, барем според моето мислење, кога јас би учествувал во конципирањето на некаква си стратегија пред се за нас како да ги завршиме работите кои во заедничкиот документ со Унијата ни стојат, јас би го направил министерство за евроинтеграции како што тоа го имаат успешните држави во тој процес. Има разлика, има разни концепти, но јас мислам дека за нашите услови да имаме министерство ќе биде подобро, пооптимално.

Меѓутоа, тоа е прашање на концепт, отворивме полемика околу тоа што во системот треба да менуваме, имаме уште една година до почнувањето на преговорите, имаме потоа нов парламентарен состав и се надевам дека патем ќе ги корегираме тие работи. Но, објаснете ми сега како со 52 милиони денари и со доста ниски ставки ќе успееме да ја изградиме логичката поддршка на нашиот преговарачки тим кога ќе почнат преговорите. Се сомневам дека со 2 или 5 милиони денари тоа ќе можеме да го завршиме. Објективно. Нам ќе ни треба, тука треба посериозно да ги проектираме и не можам да го обвинувам Министерството ако секторот не проектирал поамбициозно, треба да проектираме поамбициозно усовршување, дошколување и школување на идната логистичка поддршка на преговарачкиот тим кој ќе седне и овој пат длабински ќе ги преговара стандардите поглавје по поглавје што државата треба да ги постигне и таа логистичка инфраструктура ќе треба да помогне и тука ја гледам инвестицијата доколку би се обезбедиле повеќе средства и нејзиниот профит, бидејќи ако изградиме таква логистичка инфраструктура во секторот или во Министерството надлежно за тоа, тогаш ние ќе бидеме и повични во градењето проекти и пристапувањето кон фондовите кои Унијата ни ги отвора, но нашата способност и капацитет да ги повлечеме и потоа да ги искористиме зависи од тоа колку ќе имаме корист.

Во случајот би можело да се интервенира, да се определи повеќе ако во приоритетите така сме го поместиле нашето интегрирање или исполнување на обврските што ни стојат за да се доближиме до Европска унија и потоа од предпристапните фондови полека ќе почне да се враќа профитот и ќе почнеме таа логистичка и преговарачка инфраструктура да ја шириме.

Верувајте ми со 32 илјади евра тешко дека ќе можеме да го школуваме она што во моментот ни треба. Но и тоа не е за фрлање и добро е што два ипол пати е зголемено во однос на минатата година, но пак ќе кажам, дајте да не ги релативизираме работите со тоа што ќе кажеме дека нешто е два ипол пати зголемено. Имаше тоталитарни држави кои се фалеа дека индустрискиот пораст им бил два пати поголем минатата година, а произведувале 1 трактор, а оваа година 2. Не. Нам ни треба квалитет, нам ни требаат образовани луѓе, нам ни треба инвестиција во способноста на нашите кадри кои набргу потоа ќе ни вратат со профит. Јас тука ја гледам развојната одлика на буџетите.

Јас не сум приврзаник на оние што мислат дека сега буџетот како најголема парична маса во државата и како најголемиот работодавец треба да преземе над себе ингеренција од некои други времиња и да почне да гради, да произведува и т.н. Не. Па одевме во приватизација, ја дивестиравме државата од сите тие функции. Јас мислам дека буџетот и неговиот развоен карактер треба да се гледа низ начинот на кој му олеснува на стопанството, а од друга страна како инвестира онаму каде, ако не веднаш, многу бргу ќе се врати профитот.

Прво, во образованието, во доближувањето до стандардите на Европската унија и до градењето на кадар кој ќе може да ни помогне да се потпреме на она што Унијата има да ни го понуди.

Конечно, би сакал да кажам уште нешто кое е исто така системско прашање. Ние во овој момент имаме ваков буџет каков што имаме не само заради тоа што сме држава во транзиција, би рекол во развој, држава со сериозни економски проблеми, туку заради тоа што сме држава во која сеуште немаме изградено цврст и дисциплиниран однос на граѓаните кон плаќањето на данокот. Ние сеуште имаме енормна сива економија и се уште имаме голема евазија. Тука му давам на министерот и на овој и на тие пред него и на тие по него целосна поддршка прво да ја зголемиме верба на граѓаните во сервисната улога на државата која заедно со медиумите е на најниско ниво, само медиумите по недовербата на граѓаните предничат, па врз основа на кревањето на таа доверба да ги мотивираме да сфатат дека данокот што го даваат го даваат за себе за да можат утре нивните деца да се школуваат, за да можат возрасните да се лекуваат, за да имаме полиција, за да имаме онаква армија каква што ќе

му треба на овој свет кога ќе станеме членки на НАТО.

Значи, треба во тие инструменти што ќе ги градиме, покрај заедничкото читање на буџетот и градење на одговорност кон предложениот трошок и одобрениот трошок, треба да градиме исто така и систем на кој ќе ги убедиме граѓаните да почнат да плаќаат данок. Воведувањето на ДДВ во Владата на поранешниот премиер Љубчо Георгиевски беше крупен исчекор напред, меѓутоа, ние и натаму имаме проблеми во државата, еден од нив благодарејќи му на овој министер ни беше откриен и јас се надевам дека набргу ќе се расчисти, а тоа е не само обичните граѓани кои немаат од што да преживеат, па се занимаваат со сива економија, туку крупни економски чинители учествуваат во даночна пирамида.

За мене приоритет број еден на сите нас овде е не само да се натегаме околу нашите политички концепти за тоа каде треба да се потрошат парите, треба заедно да се зафатиме и да не дозволиме појавување на нови пирамиди, а оваа што побргу да ја уништиме и тие пари ќе бидат повторно недоволни оти и потребите на оваа држава со оглед на тешкотиите во стопанството, проблемите што произлегуваат од транзицијата ќе бидат недоволни, но ќе бидат сериозен импулс напред кон оние цели за кои цело време овде говорејќи, се залагам.

Значи, ако ми дозволите за на крај, ние ќе треба градењето на буџетите особено оној од идната година, оти ова е завршена работа, не да ги темелиме на датуми и на законски обврски, туку на интегрирано учество на чинителите. Затоа треба измена на системот, вака како што сме резултатите се тие. Потоа ќе треба да определиме и тука очекувам дека Владата наскоро ќе дојде пред Собранието да излезе со нешто што би било, ако не стратегија, акциона програма на Република Македонија за НАТО каде што ние самите и сите други чинители ќе се обврземе да ја завршиме работата и да видиме колку тоа ќе чини и колку од сето тоа можеме да исфинансираме.

Конечно, за последно, јас мислам дека ќе треба, особено во фазата до почнувањето на преговорите, да размислуваме за тоа како ќе се справиме со сивата економија и евазијата на данокот ќе ја хармонизираме, ќе ја доведеме до некое издржливо ниво. Кога тоа ќе го направиме е, тогаш веќе не ќе има изговор нема пари, имаме други приоритети ако не инвестираме во земјоделието, во образованието и во здравјето. Тоа се трите столба на сите европски држави.

Конечно сакам да кажам уште една работа. Ние не треба да гаиме илузии дека во Европската унија ќе влеземе како индустриска земја. Дури мислам дека тоа не ни треба. Ние во Европската унија ќе влеземе како земја производител на храна, а најрестриктивниот, најзаштитениот, најкомплексниот дел од функционирањето на Европската унија кој ја доведува дури во криза заради разлика на концептите е земјоделието. Така што мислам дека многу бргу со овој буџет таа прилика не ќе можеме да ја искористиме, но веќе од наредниот, а овој министер се надевам дека ќе учествува до крајот на мандатот и во подготовката оти почнува во мај на тој буџет, ние мора да му се посветиме на земјоделието без Република Македонија со препознатлив производ наречен "здрава храна" ќе бидеме повеќе од маргиналци во Европската унија. Нашата единствена шанса ни е неконтаминираната природа која мора да ја штитиме уште поригорозно здравата храна што ќе ја произведеме.

Според тоа, ако треба да се откажуваме уште малку во однос на други ставки од функционирањето на државата за да му дадеме на земјоделството, јас гласам како пратеник во тој прилог. Благодарам многу.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Чашуле.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Да ги кажам моите видувања за овие проблеми, па ако дозволите и некои појаснувања.

Прво, со последните две работи, а после по редоследот. Нема долго да ви одземам време.

Би бил многу претпазлив иако сум многу свесен за политичкиот ризик на секој политичар кој кога ги соопштува вистините со што може да се соочи на избори би бил многу претпазлив да потенцирам што ни е единствената шанса или најголемата шанса на патот кон Европската унија. Би бил многу претпазлив и знам дека во сите парламенти во светот тоа е така. Дури и во Англија, Франција и Германија каде 1,5 % е земјоделскиот производ и каде што 2% од населението е инволвирано во тие активности дека тие дискусии се такви.

Меѓутоа, се случува друго. Сите политичари тоа го зборуваат на најголем глас од причините кои ги кажав како прва реченица за ризикот и го прават тоа што го прават.

Покрај неоспорно вредните вербални поттикнувања Македонија треба да биде многу претпазлива на тој пат. Тука ќе запрам заради тоа што кажав прво, политичкиот ризик кој во оваа држава е енормно висок, медиуми, вон од контекст влечење, погрешно сфаќање и т.н. за да една држава може единствената шанса да ја бара каде што беше спомната.

Второто ќе кажам еден податок и нема многу да го коментирам. Кога јас станав министер за финансии годишно собиравме од ДДВ 22 милијарди. За идната година проекцијата во буџетот е 28,3 милијарди на ДДВ. Данокот на ДДВ не е сменет, беше сменет 2003 година во април, јас станав министер во ноември и зборувам од

2004 година. 22 беше во 2003-та со утврдена ставка.

Сакам да ги уверам пратениците дека во Македонија борбата со фискалната евазија напредува брзо и јас сакам од ова место лично да се заблагодарам на луѓето кои го работат тоа и на директорот на Управата за јавни приходи кој е во состав на Министерството за финанси, меѓутоа, одлично ја врши работата.

Буџетот на Република Македонија само по тој основ, без друго, растат и другите даноци, денеска има 100 милиони повеќе на располагање од 2003 година во евра, 6 милијарди денари, меѓутоа, тој ефект не е годишен, туку кумулативен. Оваа година се 80, идната година 100, наредната ако се соберат тоа се стотици милиони евра на долготрајна база. Тука ќе застанам за да не испадне дека зборуваме сами за себе во Министерството за финансии.

Сакам да се осврнам на три прашања. Дали пратениците одлучуваат за буџетот или не. Буџетот се гради, почитувани пратеници, континуирано. Јас соопштив во воведното излагање една од најголемите слабости на македонскиот буџет, системска слабост, меѓутоа, не само наша, е 85% од нашите расходи во буџетот се законски обврски. Значи, ние во денешната расправа не можеме да ги смениме. Владата го предлага буџетот иако овде постојано се осврнувате на министерот за финансии, Владата го предлага буџетот, не можеме да ги смениме. И 95% од амандманите што се поднесени, за жал, се амандмани кои зафаќаат средства од законските обврски некаде во функција на држава каде што пратениците мислат дека е најлесно да се земе од функции на држава, а таму се законските обврски на Република Македонија. Ако ги одземеме од буџетот не значи дека нема да ги платиме, ќе си дојде време за исплата на таа законска обврска внатрешна или надворешна и ние ќе ја платиме. Ако се одземе од таму, ќе треба после со ребаланс да го враќаме или да создаваме дефицит, тоа е долга приказна која ниедна држава во светот не ја посакува и јас апсолутно не ја посакувам.

За да можеме за Буџетот да разговараме, ние практично разговараме на секоја седница на Собранието, со секој донесен закон ние го одредуваме буџетот од тогаш за натаму. Овој Буџет 85% не за овој парламентарен состав, има донесени закони од 1991, 1992 до 2005, до пред една седница на Собранието кои го утврдиле Буџетот за 2006 и ако не се сменат тие закони, тие ќе го утврдуваат буџетот до 2000 и некоја година. Затоа, ако не бидам погрешно сватен, не би го прифатил позиционирањето дека пратениците не го одредуваат буџетот. Инаку, во сите држави во светот се носи во таква процедура, тоа се меѓународни стандарди и во сите држави во светот приоритетите и стратешките определби никогаш нема да ги разрешите и во парламентите и во Владата, секој пратеник има по некој стратешки приоритет. Вие зборувавте прво надворешна политика, па после кажавте и други, претходниот ваш говорник кажа друг приоритет, една реплика кажа трет приоритет. И како и општо ќе завршиме дека приоритети се се. И затоа е многу тешко да се одредуваат такви приоритети, а кога се утврдуваат тие предизвикуваат прекршување на некои политики кои веќе создале основи, или односи во државата и затоа се тешки.

Сега би се осврнал на двете работи кои мислам дека дури ако не се јавевте, ќе се осврнев заради тоа што на Комисијата ги соопштивте. Таму беше кажано, цитирам: парите се малку. Сега беше кажано, скудни средства за евроинтеграции, тоа е синоним. Јас сакам прво да кажам една работа, нема држава во светот која не мисли дека за било што парите и се малку. Ве уверувам, разговарам со сите мои колеги. Еве на пример една паралела, во Словенија 80% од буџетот се недискрециони трошоци, тоа ми го кажа директно мојот колега од Словенија, нашите 85%. Тоа е симболична разлика и една Словенија пати од тоа, дека 80% од буџетот им се законски обврски и тие не можат да се ослободат од тоа. И секогаш фалат пари, гледате фалат и на Европската унија. Европската унија е како групација собрана заедно најмоќната економска сила на свет по бруто домашен производ собрана заедно, меѓутоа и неа и недостасуваат средства. Меѓутоа, ќе ве замолам методолошки да бидеме многу претпазливи кога го анализираме Буџетот на Европската унија и знам дека сите од вас тоа го знаат, вклучувајќи и некои дискутанти веднаш после моето воведно обраќање. Значи, Буџетот на Европската унија не е компарабилен, споредлив со ниеден национален буџет и тој не може да е репер за ништо, значи буквално ви кажувам, за ништо.

Прво, буџетот на Европската унија претставува 1,015% од бруто домашниот производ на Европската унија, 1%. Во наши услови 1% е 2,9 милијарди денари. И тука ќе ја ставиме точката. Сите структури влечени од тој 1% се ирелевантни затоа што Европската унија во целина троши вкупно отприлика 40 и нешто проценти од бруто домашниот производ во јавна потрешувачка на национално, регионално, локално ниво, вклучувајќи го и Буџетот на Европската унија кој е само 1% во тоа. Битна е потрошувачката на другите 39% каде одат, или 40%, или 41%, зависи од годината, а тоа се во националните и нашата компарација во таа смисла со Европската унија може да биде само компарација на националните буџети и на Европската унија. Инаку, Европската унија троши 40% од земјоделие од тој 1%, тоа е 0,4% од бруто домашниот производ на Европската унија за земјоделие, 0,4% тоа е ништо. Повеќе трошат националните држави и затоа е некомпарабилен. Ако видите што е другата 35-40% во Европската унија, ќе видите дека се регионални политики. И останатото е администрација и нешто ситно. Што значи дека не

можете да го споредувате тој буџет. Прво, нема администрација, нема одбрана, нема полиција, нема образование, нема здравство, нема пензиски, нема социјален елемент. Тоа се елементите на сите буџети, нема јавни долгови, нема внатрешно задолжување, нема хартии од вредност и да не набројуваме кои се крупните компоненти на сите буџети на општата власт како што оваа година ја презентираше господинот Кедев, и го загатна како проблем од каде. Интегрирани се буџетите, да не го повторуваме тоа.

Дали има пари за евроинтеграции? Комисијата за европски прашања, ако не го згрешив името на Комисијата, се извинувам, за жал имаше погрешен пристап. И ако сме спремни да разговараме, тогаш нема да ми замерите ако министер каже дека една комисија имала погрешен пристап. Македонија процесот на евро интеграции како најголем број на држави во Европа, како најголем број не го води централизирано. Кај нас Секретаријатот за европски прашања не ја води европската политика на Република Македонија, тој врши само координација. Средствата за евроинтеграции најмалку се во Секретаријатот каде што вие ги барате врз основа на што извлекувате заклучок дека нема доволно средства. Да се разбереме, средства нема доволно никогаш. Ако и мене ме праша како министер и јас би сакал да имам повеќе средства. Нашите средства за евроинтеграции се секаде во буџетот. Сферата на интеграции во сферата на правдата не ја остварува Секретаријатот за европски прашања таму да се бараат. И ќе видите во буџетот на Министерството за правда има средства кои водат кон задоволување на критериумите на Европската унија, или еве, видливите средства. Сега отворете го Буџетот на страна 231, ќе видите во Министерството за надворешни работи 203 милиони денари инвестиција во зграда, односно објект, како сакате амбасада конкретно на Република Македонија во Брисел со опремување, со купување на зграда потребна за нашите евроинтеграции во перспектива, не како кандидат, туку и како член да задоволува со можност да има внатре 30-50 работни места и тоа го инвестираме во 2006 година. Значи на тие 150 само во Министерство за надворешни работи само за зграда оваа година инвестираме 203 милиони денари и тоа е еден од многуте придонеси за во идната година ние во евроинтеграциите да влеземе како што треба. Значи, купуваме зграда во Брисел, ќе ја опремиме целосно, кога ќе се одвива тоа, не знам, има процедура, 2006 ќе ја завршиме. Таму ќе има 30-тина луѓе, ќе има и човек од Министерството за финансии, од Министерство за земјоделие, од Министерство за правда деташирани за да помагаат при водењето на преговорите, разговорите, да имаат пристап во Комисијата, ќе ја опремиме и таа ќе биде вечна. Или во Министерство за финансии во моментов се конституирани веќе во последниве два месеци два нови органи кои што служат за евроинтеграции: Одделението за контактирање и финансирање и Агенцијата за извршување во трезорот. Тие се стартирани во овој момент со 12 луѓе и тие во овој момент вршат обуки експерти од Брисел тука во Скопје во Министерството за финансии. Тие пари не можете да ги најдете во Секретаријатот за интеграции, затоа што се во Министерството за финансии. И сега не сакам предолго да зборувам, парите заради системот на евроинтегрирање се расфрлени и тие, јас во воведното излагање кажав, еден од клучните приоритети во финансирањето евроинтеграцијата и тие пари се насекаде. Јас ви дадов 2, 3 ресори со 2, 3 примери, меѓутоа тие се секаде, освен во ресорите каде што евроинтеграцијата не е голема приказна, заради процесот на работата. Меѓутоа, ако одбрана кон НАТО што е компатибил но со Европската унија, тогаш во одбрана ќе видите дека ние постигнавме нето разлика помеѓу 2004 и 2005 и продолжува во 2006 од 2 милијарди денари, 2 милијарди денари за одбраната двоиме повеќе и тоа е фискално прилагодување кое го издржавме. Нешто претрпе на тој товар, ама и тоа е донесено со резолуција на Собранието на Република Македонија, или со декларација, не знам што се донесе каде што се структуираше потребата за НАТО итн за 2005 да се изврши фискално прилагодување на трајна база. И го извршивме, ама 2 милијарди ни одзема. Што значи дека би го релативизирал јас тоа дека парите се малку, освен дека секогаш се малку. Со тоа се сложувам. И да не ги барате парите во евроинтеграции како што бил пристапот на Комисијата. Секретаријатот не ги врши преговорите, како што вие сега баравте за преговори вршење. Од 32 поглавја Министерството за финансии е број еден со седум. Значи, во Министерството за финансии преговорите да ги вршиме за седум поглавја: царинска унија, даночен систем, буџетска политика, контрола, финансиски услуги итн. Што значи дека Министерството за финансии како институција со своите вработени и со знаењето што го има ги води преговорите и ќе продолжи да ги води, зборувам до овој статус, ниту одговарањето на прашалниците е лоцирано таму, прашалниците ги одговараат ресорите. Така што малку е различен системот, таму е координацијата за да парите се бараат таму. И тука веќе нема да елаборирам, бидејќи мислам дека е јасно што ми е од прилика идејата. И затоа ве уверувам дека оваа година во Буџетот на Република Македонија вкупно земено средствата како што се распределени за евроинтеграции се на ниво кое ќе овозможи во оваа фаза Република Македонија да ги задоволува потребите што се потребни кон евроинтеграциите. Ве уверувам дека е тоа така. 2007, 2008, 2009, 2010 и 2011 ќе носат нови предизвици и Собранието ќе треба да усвои буџет кој ќе биде понатамошно прилагодување зависно од преговорите и кое ќе биде исто така прекршување преку грбот на некои

други потрошувачи во Република Македонија од јавната сфера. За тоа да немаме илузија. И ќе кажам зошто. Во последниве години од 1995 наваму прилагодувањето на Европската унија, значи после Австрија, Шведска и Финска, другите десет плус два, дванаесет, овие соседиве Бугарија, Романија, студијата кажува дека во користењето на предпристапните фондови на Европската унија ниту една држава, вклучувајќи ја Словенија и Естонија како најефикасни, а да не зборуваме за овие кои се блиски до нас Бугарија, Романија итн, не успеала да ги намали трошоците на сопствениот буџет на тој начин што ги ком или инструментите кои во тоа време важеле. Сега ќе биде друг инструмент ИФА, тогаш беа други инструменти, интегрирани ќе бидат за нас од 01.01.2007. Ниту една единствена држава од 12-те не успеа да ја намали јавната потрошувачка за потребите на прилагодувањето кон Европската унија на тој начин што нешто компензирала со предпристапните фондови во Европската унија. Дури и напротив не ги ни задржала. Најлошата варијанта е кај сите дека ја зголеми јавната потрошувачка од Централниот буџет во секоја поединечна сфера буквално во која користи предпристапен фонд заради потребата од кофинансирање кое што е најлошо и не изнесува повеќе од 20% од трошокот за прилагодувањето. Значи, Европската унија финансира 75 до 80%, а вие 20% и дури со тие 20% не успевате да го намалите тој трошок. И кај сите се појавуват нови трошоци за тие 20% за да ги прифатат средства и сите не можеле да прифатат повеќе од 15 до 20% од средствата затоа што се неефикасни. Една Словенија два милиони евра во втората година од пристапувањето, заради тоа што не може да создаде внатре механизам на прилагодување на јавната потрошувачка која ќе одвои средства, а истовремено да не го зголеми дефицитот. Па некои го зголемувале дефицитот ако им е контролиран како нашиот до нивото кое таму е дозволиво, а некои морале да го прекршуваат на грбот на постојната потрошувачка во нивните држави. Тоа нас неминовно не чека. Јас сум уверен дека со институциите кои ги имаме и со вкупната наша стварност ние нема да бидеме позитивен исклучок од 10 плус 2, 12 држави, туку ќе бидеме како нив, па дури се плашам да не бидеме и полоши, да не можеме да ја префрлиме потрошувачката секторски за да овозможи абсорпција на предприфатните фондови. Тоа значи дека нас не чека ново тешко прилагодување. Со поинакви зборови кажано, или создавање на нови дефиците кои нема да бидат прифатливи зошто во европското партнерство кај економската политика првата реченица е, тоа што најчесто опозицијата го критикува во Парламентот: одржување на макроекономската стабилност на Република Македонија, првата реченица во првиот пасос. Не можете да одите натаму, знаете како, ама ние се однесуваме како човек кој ќе согледа дека има проблем со здравјето кога тоа ќе го чукне по челото со некаква болка. Јас ве уверувам дека макроекономската стабилност на Република Македонија е тоа. Ја имаме и не ја почитуваме иако плаќаме цена за тоа со политиката на јавните финансии, се додека ја изгубиме. Кога ќе ја изгубиме таа стабилност тогаш ќе видите какви се трошоците на јавниот сектор, какви се прилагодувањата на економските субјекти, приватниот сектор и јавниот сектор, приватниот е поважен, затоа што со 80% е во бруто домашниот производ на Република Македонија и тогаш ќе видиме колку здравата состојба на македонската економија од тој агол гледано ни била драгоцена, ама тоа ќе го направиме откако ќе се разболиме. Затоа е добро однапред таа позиција да ја чуваме. Ова го кажав не виза ви оваа дискусија, туку виза ви идната потреба од прилагодување кон преговорите со Европската унија. Што повеќе предпристапни фондови повлекуваме, автоматски креираме поголема јавна потрошувачка, или ќе вршиме внатрешно преструктуирање, тоа е тоа што јас го предвидувам и ќе има болни процеси, или ќе креираме дефицит, тоа што јас не го предвидувам. Ако јас би се прашувал, ќе ја преструктуираме домашната потрошувачка и тоа повторно ќе има некакви прекршувања.

И сега завршувам повторно со нешто што знам дека не носи поени и се однесувам аполитично. Моите предвидувања се како министер за финансии, имајќи предвид целата слика на јавните финансии во Република Македонија приходна, расходна страна и тоа не само на Буџетот, јавните финансии се четири целини од кои Буџетот е едната. Прилагодувањето кај нас нема да може да се изврши на друг начин освен во сферата на социјалните трансфери сватени во широка смисла, не ова што луѓето најчесто мислат, социјалната помош. Значи тука се разбираме, вкупните социјални трансфери се тие кои ќе треба да се прекрши Европската унија за да чекориме натаму. Тоа е второто големо прилагодување кое во периодот 2006, 2010, некоја влада и некој парламент, тоа граѓаните ќе го кажат кој, ако влеземе во 2011, ако не и после тоа ќе го имаат како сериозен проблем ако се движиме кон Европската унија. Ако не се движиме кон Европската унија ќе имаме беневалентно гласачко тело кон Република Македонија внатре кај нашите граѓани кои ќе ни аплаудираат се додека не сфатиме дека и 2010 и 2011 заминала, како што аплаудирале од 1990 до 2001, 2002 до потпишувањето на Спогодбата, а во фискална смисла до 2004, 2005. Меѓутоа знаете како, сите одат напред, во тој процес ние стоиме. Прилагодувањето ни е неминовно. И некој ќе треба товарот на овие критики што сега Владата ги слуша да го издржи, верувајте на уште потежок начин.

И не сакам да звучам депресивно, мораме да го зачуваме развојот и мораме да извршиме преструктуирање на јавната потрошувачка во сферите кои од нас се бараат. За НАТО, вие ја критикувавте мојата изјава. Јас останувам на неа,

детали не можам во јавноста да соопштувам и тогаш не соопштив. Меѓутоа, го издржавме прилагодувањето кое не чини две милијарди евра годишно во овој Буџет. Сега ни претстои прилагодувањето на Министерството за внатрешни работи кое веќе не чини во овој Буџет половина милијарда, а ќе заврши уште со дополнителни милијарда, или две и Европската унија од тој агол само гледано дополнително прилагодување институционално без овие две кои не се сфера на интерес на Европската унија толку многу, бидејќи се непостоечки, или во вториот столб. Првиот столб е стариот ЕЕЗ, Европска економска заедница каде што прилагодувањето ќе биде дополнително. Нема бегање во Македонија од тоа, затоа што кога, тогаш ќе се случи. Јас апелирам да биде овој и наредните парламенти и влади похрабри и поодлучни на секојдневните укажувања од страна на јавноста, некои од нив би ги ставил во наводници и порезистентни на разни интересни групи кои ние политичарите мислиме дека се интересни групи кон изборите, а кои всушност се интересни групи кои ќе не дозакопаат на патот кон Европската унија. Сто граѓани за една, илјада граѓани за друга, пет илјади граѓани за трета опција, 400 работнички за шеста опција, сите заедно двата милиони граѓани ги држат во заложништво.

Тука ни треба исклучителна храброст. Ова можам да го елаборирам и повеќе на комисија или на затворени седници, како што прават и други парламенти, па после можеме да излеземе во јавност и со опциите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министер.

Само една исправка за она што реагираше господинот Флоровски, две милијарди денари, не две милијарди евра за НАТО.

За реплика се јавија пратениците Чашуле, Мавровски и Србиновски.

Три минути реплика за пратеникот Слободан Чашуле.

Повелете господине Чашуле.

**Слободан Чашуле:** Благодарам господине потпретседател.

Големо задоволство е да се полемизира со министерот за финансии затоа што има големо пратеничко предигре и успеваме на крај во се да се согласиме и во се да се разликуваме, она што е најверојатно одлика на демократија. Се согласивме дека имаме системски проблем и дека имаме недоволно пари, а во една работа недостигна една нијанса, веројатно не ме дочу. Јас не мислам Секторот за евроинтеграции ќе ги води преговорите, туку тоа е логистичката база, значи тоа што ќе го прави Министерството за финансии, барем од моето искуство кога преговаравме за Спогодбата за стабилизација и асоцијација, логистички ќе го поддржува мисијата, секторот за евроинтеграции и т.н. Со други зборови сакав да кажам дека треба во тие идни кадри на тоа Министерство за финансии, за правда, за земјоделие, каде што ќе биде најголемиот товар на преговорите да ги исшколуваме било преку министерствата, било во секторот кој треба да биде логистичка база и на крајот јас мислам дека во многу работи оваа работа треба да се сконцентрира на едно место како што тоа го направија други држави, но тука се разликуваме концептуално.

Сега за профитот. Министерот размислува како министер за финансии и тоа е добро. Јас размислував како пратеник. Јас кога зборував за профит, мислев на добивка што ќе ја добијат нашите граѓани а не буџетот. Кога зборував ако изградиме логистичка инфраструктура која ќе го зголеми процентот, за која јас се согласувам со него, гледајќи го сегашниот капацитет ќе биде понизок од оној на земјите што многу го користеле, ако изградиме значи логистичка поддршка во сите министерства, особено во Секторот, кој ќе упатува како да се пристапува кон фондовите, профитот ќе го имаат нашите граѓани, не Буџетот. Буџетот ќе биде и натаму онака како што министерот рече, ќе имаме со него проблеми, ќе имаме намалување на социјалните трансфери, ќе имаме социјални потреси итн.

И на крајот да кажам една работа. Јас сепак мислам дека - добро, тој е министер за финансии, јас сум пратеник. Јас би сакал Република Македонија да има онолку индустриски развој колку што може да има и да има извонредно развиена индустрија на храна, почнувајќи од земјоделието, преработката, нека звучи наивно колку сакате, ама ние би требале да го гледаме примерот на Данска, примерот на Холандија, примерот на Шпанија, евентуално, а не да робуваме на концептите за индустриски развој од 1945 година, по еден шедерван и по една текстилна фабрика во секоја општина. Тоа не ни треба. Имаме неколку и можеби бев престрог кога реков една само, имаме неколку компаративни предности и на нив треба да се сконцентрираме, а храната ни е една од највредните.

Благодрам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Чашуле.

Три минути реплика за господинот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпртседателе.

Почитуван министре, многу кратко би се осврнал само на почетокот на вашето излагање, кога кажавте дека ДДВ откако вие сте министер се покачи од 22 на 28 милијарди, ако ве слушав добро, а мислам дека добро ја слушнав таа бројка, и дека аночната евазија во Република Македонија е таква каква што е и дека вие правите се таа да биде во подобра насока и да имаме полнење на Буџетот на Република Македонија. Но токму во оваа година се крена

многу прашина и сега директно ќе ве прашам. Имено, дали вие како министер ги предвидовте сите овие случувања од даночната пирамида каде што има најава за тешки оштетувања на Буџетот, значи тој ДДВ апсолутно државата не успеала да го прибере, затоа што веќе се подигнуваат и обвиненија и се водат процеси, а од друга страна кажуваме дека еве имаме зголемување на ДДВ, прибирањето за цели 6 милијарди. Сега јас ќе ве прашам дали ние планираме да добиеме помалку за да можеме ова да не го сметаме или пак вкупните средства кои требаше да бидат во Буџетот ги нема. Едноставно како пратеник кој многу не се разбира од овие финансии, претпоставував дека она што е промет во Република Македонија и ДДВ треба да биде во Буџетот на Република Македонија, но на овој начин најавата дека се направни многу криминални дејанија и дека се работи за милилјарди денари неплатен данок мислам дека им должите на граѓаните и нам како пратеници, затоа што се крена многу прашина, но за тоа се уште не знаеме ни колку, ни како, ни дали ќе се разрешат тие проблеми. Благодарам .

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Три минути реплика за пратеникот Илија Србиновски.

Повелете господине Србиновски.

**Илија Србиновски:** Благодарам почитуван потпретседател.

Би дал една мала реплика и она што го образлагаше повторно министерот, сепак тоа е една моја политичка оценка, меѓутоа, за таа економија и тие финансии повторно би запрашал зошто извозот перманентно се намалува а увозот постојано бележи пораст. Значи во 2004 година ако извозот бил 253 милиони долари, а увозот бил 364 милиони долари,тогаш 110 милиони долари е дефицит. Зошто тие средства не би се дале на пример за развој на земјоделското производство со што би биле поконкурентни и би го зголемиле земјоделското производство. Зарем не може да се случи еден ден пазарченицата да ја откупиме од странство и 15 денари по килограм, а ќе се случи еден ден, додека со овие 7 или 8 денари што се нудат на пазарот во Република Македонија не може да се покријат основните трошоци на земјоделците. Треба да се размислува и за тоа, за зголемување на земјоделството производство. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Србиновски.

Има збор пратеникот Лилјана Поповска.

Повелете госпоѓо Поповска.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине потпретседател, почитуван госпдине министер, почитувани колеги,

Од формален наспект во овој Буџет мора да видиме дека има позитивни промени, посебно во поглед на методологијата. Како што е наведено во материјалот, тој се базира врз стратешките планови на поединечните министерства. Меѓутоа, ако се разгледаат ставките, ќе се види дека нема суштински промени во споредба со минатогодишниот буџет и прашање е за каква стратегија размислувале, што буџетирале министерствата. Морам да кажам дека мене повеќе ми личи дека тие се вклопиле во минатогодишните буџетски рамки со мали исклучоци, посебно во делот на земјоделието.

Рамковното планирање на Буџетот е нормална работа на развоените земји и добро е што го воведуваме макар и во почетна форма. Но, за стратешко планирање постојат процедури и методологија и мора да се поминат одредени чекори. Тоа значи анализа на состојбите, лоцирање на проблемите, предвидување на мерки и активности за надминување на проблемите и конечно буџетирање за да се покријат тековните трошоци, а и вонредните мерки и активности. Крајна цел секако е транспарентно и ефективно водење на јавните финансии.

Морам да кажам дека во овој Буџет не гледам доволно реалистичен присап. И покрај тоа што се е добро спакувано, гледам многу нелогичности. Се повторува состојбата поради која пред половина година јавно прашав: Каде одат нашите пари. Буџетот со години со ред се зголемува, дуплирање во споредба со 1998 година, а тоа не се гледа во пораст на бруто домашниот производ, ниту пак го чувствуваме на своја кожа со подобрување на животните услови. Сега е полошо од 1998 година. Каде се губат тогаш тие силни пари, каде ги снемува тогаш нашите пари како реки понорници, а ние остануваме без потребните услуги во здравството, образованието, социјалната сфера без можност за вистински напредок за науката и културата. Кога се гледаат ефектите јасно е дека на Македонија и требаат поинакви приоритети, но и поинакво менаџирање со средствата. За жал, останува констатацијата дека Македонија продолжува со пирамидалното водење на политиката и тоа не е проблем на едно министерство ниту на една влада, тоа е пракса, тренд и навика која мора да се промени. Мене не ме интересира кој бил полош, јас сакам да биде подобро.

Ќе го илустрирам ова тврдење со неколку примери. И во овој Буџет продолжуваат неколку трендови. Прво, не се даваат приоритети на развојната политика со прераспределба на средствата и насочување кон стопанството и земјоделието. За волја на вистината, за прв пат има покачување на средствата од 2% на 7% и добро е што Владата имала слух за укажувањата на стручните лица и на колегите од опозицијата.

Втор тренд кој што е забележлив во овој буџет, тоа е запоставување на цели сектори како што се: културата, образованието, науката.

Трет момент е и понатаму штедење на здравството и социјалната сфера. Простете, но впечатокот ми е дека Буџетот е креиран во затворени канцеларии без допир со луѓето и животот надвор од канцелариите. Јас во овој Буџет не можам да видам решение за мртвата економија, за зголемената сиромаштија, за полошата бизнис клима, за отсуството на здрави инвестиции итн. Наместо тоа, и понатаму гледам "штедење" на средствата за капитални инвестиции, поради што не се реализираат веќе започнатик проекти. Повторно се среќаваме со неискористување на средства кое не смее да се дозволи, според мене. И понатаму гледаме штедење на средствата наменети за програми предвидени со закони и правилници. Јас би сакала да го информирам министерот, а и колегите од Владата на пример дека според информациите дирктно од граѓаните од луѓето, нам ни се случува некои органи, некои тела, официјални институции да не ги спроведуваат обврските кои се преземени пред ова Собрание пред Владата итн. Нам ни се случува на пример и понатаму да им се наплатува за ортопедски помагала на лица со посебни потреби во некои институции, независно од тоа што тие се ослободени од тоа. Понатаму, нам ни се случува и понатаму да им се наплаќа од пет до шест илјади за добивање потврда за категоризација на лица со посебни потреби во одредени институции, иако тие треба да бидат ослободени од тоа. Ова се сосема конкретни работи кои ги кажуваат луѓето кои се соочени со овие проблеми.

Понатаму, нам ни се случува луѓе одвај да преживуваат со социјална помош која што е нереално димензионирана. Како се преживува со 1700 денари, прашуваше дури Адемировска во Куманово, таа е една од штрајкувачите во подрачната единица на Министерството за труд и социјална политика. Вели како можам да преживеам со 1700 денари помош, имам ќерка невработена, имам зет невработен и мало внуче од тригодини. Не можам ни за леб и млеко да обезбедам со тие пари.

Понатаму, со овој буџет ваков каков што е и каков што беше, бидејќи гледам нема битни промени од минатата година, значи состојбите не можат суштински да се подобрат, замрени се научните институции, не можат да работат, не можат да излезат надвор, не можат да пласираат научна мисла, не можат да слушнат туѓа научна мисла и да имаат нормална размена и напредок.

Што да кажеме за културата, која што се бори за воздух, а културата е она богатство во Македонија која што има некоја чудна сила, веројатно авата е таква, сонцето е такво, па дава енергија и креативност на луѓето во културата и прават мали чуда. Меѓутоа, тие мали чуда ги прават како резултат на сопствениот порив, сопствената креативност. Има многу слаба, слаба поддршка од државата, а културата е нашиот код за препознавање во светот и културата од друга страна ни е мост за разбирање внатре меѓу нас како граѓани со различна културна идентификација, така што очигледно, повеќе од очигледно е дека културата треба да има некој поинаков приоритет, а не да биде застапена со некои многу скромни проценти од распределбата.

Што да се каже за греењето во училиштата? Се најави уште пред стартот на зимската сезона дека ќе има сериозни проблеми. Делумно се навести дека ќе бидат надминати, меѓутоа, сеуште во многу училишта основен проблем е греењето. Што да се каже за другите стандарди што треба да ги постегнеме во образованието, за подигањето на системот на образованието, на образовниот процес.

Разбравме од официјално место дека за околу 30% ќе бидат намалени средствата за болнички услуги, посебно во Клиничкиот центар. Што ќе правиме, со какви слики ќе се соочуваме, со какви судбини ќе се соочуваме идната година? Лесно е да се каже дека влезот во Европа треба да биде платен и дека тоа ќе оди со цената на социјалните трансфери. Лесно е да се каже ако се оди со штедење врз туѓ грб, меѓутоа, тешко на тој кого што ќе го снајде тоа. Мислам дека не е фер на таков начин да размислуваме, уште помалку да дејствуваме.

Ќе дадам и други примери, со бројки. Со Владините програми вкупно изнесуваат 12,8 милијарди денари или 213 милиони евра ако е точно пресметано, ќе се осврнам само на две програми: Мерки за намалување на сиромаштијата и Реформа на земјоделството. Првата програма Мерки за намалување на сиромаштијата треба да биде застапена само со 3,95% од вкупната сума на владини програми или некаде околу 8 милиони евра. Замислете што се треба да се реши со овие осум милиони евра: поттикнување на вработувањето, реформа на системот за социјална заштита, електрификација на села, реконструкција на куќи и ревитализација на кризни региони, потоа ревитализација на села и рурален развој. Навистина би сакала да видам објаснување како ќе се решат сите овие проблеми со само осум милиони евра.

Понатаму, втората владина програма која сакам да ја цитирам и да ја прокоментирам, тоа е реформата на земјоделството. За неа се одвоени 0,67% од вкупните предвидени средства за овие програми, некаде околу половина милион евра. Со нив се предвидува преструктурирање на водостопанските претприајтија, каде што повторно се наведува дека основа ќе бидат странските донации. Ајде да се потсетиме што е со нашите водостопански претпријатија и што значи, каква е штетата кога тие не функционираат. Јас знам дека ние градиме пазарно стопаснтво, и дека водостопанските претпријатија треба да функционираат пазарно, граѓаните треба да си ги плаќаат сметките итн. Меѓутоа, ние имаме една реална состојба каде што од водостопанските претпријатија останаа

почетните букви и каде што најголем дел од нив или барем поголемиот дел од нив не функционираат нормално. Што значи тоа? Тие не може да си ја обавуваат функцијата, односно да им ги даваат услугите на граѓаните. Граѓаните се жестоко осиромаштени и при најдобрата волја сите свои давачки да ги подмират, водостопанските претпријатија ќе немаат доволно средства за да можат да ги ревитализираат ситемите за наводнување и системите за водоснабдување. Дали не помислуваме како држава дека ни е поважно да одвоиме средства за вистинска ревитализација на системите за водоснабдување и наводнување, отколку да чекаме хаварии како што се случуваше во изминатите години со поплавите. Луѓето од теренот, граѓаните, но и луѓето во водостопанските претпријатија укажуваа неколку години на Влдата дека нема реален капацитет, нема реални средства тие водостопански претпријатија да си ја завршат работата, дека наврвшуваат врнежливи периоди, дека ќе има поплави. Што се случи? Владата не реагираше на соодветен начин и поплавите се случија, штетите беа огромни, државата плаќаше за штетите, се разбира не доволно за да ги покрие реалните трошоци и штети на граѓаните, меѓутоа, во зијан беа сите. Дали не е подобро наместо тоа, наместо да се двојат се на се половина милион евра за реформи на земјоделието, за преструктуирање на водостопанските претпријатија, што е несомнено потребно и многу важно.

Дали не е потребно дополнително да изнајдеме средства за да се обезбеди да профункционираат едноставно тие водостопански претпријатија во овој период додека да се преструктуираат, додека да бидат во состојба да ги испорачуваат услугите на задоволително ниво.

Сепак ние живееме во некоја држава каде што имаме заедничка рамка, каде што сите заеднички сме сограѓани, сме комшии каде што мораме на некој начин и да ги споделуваме заедничките маки.

Трето прашање и мој коментар.

Се обидов да најдам во Буџетот средства за некои малцински заедници, за маргинилизирани групи. Се обидов да најдам средства за ромската популација. Ова е декада на ромите. Ова е шанса да им се помогне на една голема група наши сограѓани кои што се наоѓаат во најдлабока сиромаштија. Меѓутоа, јас од Буџетот не најдов ниедно редче што би било поврзано со ромите, ниту со Декадата на ромите. Јас знам дека ние очекуваме средства од надвор и добро е да обезбедиме средства од надвор, меѓутоа според информациите што ги имаме ниту се обезбедени доволно средства од надвор со донации, како што би требало во Декадата на ромите и како што има одредени средства надвор во меѓународните фондови, ниту пак она што е обезбедено на соодветен начин се дистрибуира, ниту пак ромите на вистински начин тоа го почуствувале. Навистина ме интересира како може во Буџетот да нема ни трага од некоја програма која би била наменета на ромите. Да не мисли некој дека со тоа што ќе оди и ќе се искачува по некои ридови, ќе се заштити, ќе се спаси ако постои долу во подножјето на ридот беда. Таа беда ќе се качи и до врвот на ридот. Не може никој да избега од сиромаштијата на другиот. Сите сме ние тука, во една земја, во една држава, во едно соседство. Бедата на другиот е камен кој што му тежи на оној кој што е богат. Тоа треба да го разбереме, ако не од сочуство, да го разбереме од прагматичност. Мораме да помислиме едни на други.

Конечно, пак ќе се навратам на она што господинот министер го спомна дека цената на евроинтеграцијата на некој начин ќе биде платена и со социјалните трансфери. Јас само би потсетила на Извештајот на Светска банка, Извештајот за сиромаштијата. Таму една од причините за сиромаштијата беше наведена "лошо таргетирање на социјалните трансфери". Дали тоа не треба сериозно да не замисли и да се запрашаме што правиме со тие средства. Некои средства се одвојуваат за тие социјални трансфери, но недоволно, можеби не според некои приоритети што се најдобро избрани, но се издвојуваат. Повторно главниот проблем, менаџирањето со средствата. Тоа е тој пирамидален начин на водење на политиката, кој што јас го спомнувам, некои ме разбра, некои не, меѓутоа и во Извештајот на Светска банка се посочи како реален проблем. Лошто тангетирање на социјалните трансфери и лошо менаџирање.

Има уште многу прашања, меѓутоа, јас ги издвоив овие како мои приоритети. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Поповска.

За реплика се јавија госпоѓата Гашоска и госпоѓата Ивановска, но со оглед на тоа што не можам да се пријавам реплика имам јас.

(Господинот Најдовски излегува на говорница).

Мојата реплика во првиот дел ќе се однесува на повеќе дискутанти кои дискутираа овие два-три дена по однос на начинот, пристапот и критиката.

Јас навистина сум запрепастен од начинот на кој што критикуваат поединци за изминативе 15 години на транзиција во Република Македонија, како да тие не биле главните учесници, чинители. Поединци овде критикуваат како да не се тие главните кои што во своите партии, каде што биле до вчера, или сеуште се во тие партии не биле главните кои што поставувале министри, не биле главните кои што разрешувале директори и не биле главните кои што овие 15 години учествувале во целокупната транзиција во Република Македонија. Не можам да го сватам начинот на кој што сакаат да ја избегнат одговорноста за овие 15 години. Па, Слободан Најдовски не ставаше министри кога беше во Либерална партија, или не ставаше Благој Гешоски министри додека беше во СДСМ. Затоа

сум навистина запрепастен од начинот на кој што поединци овде го критикуваат овој 15 годишен период.

Велат да не се занимаваме, затоа не иницира госпоѓа Поповска, не ја интересирало минатото и да не се занимаваме со минатото, да ја гледаме иднината. Да, ама и да гледаме кој во минатото одлучувал и за што одлучувал и да ја сноси одговорноста. Тука се согласувам. Затоа би започнал со ова.

Госпоѓа Поповска вели: "буџетите почнаа да растат од 1999 година". Да, од 1999 година и кога мојата ЛДП, сите ние членовви бевме во опозиција, госпоѓа Поповска тогаш беше во Владата на ВМРО-ДПМНЕ како заменик министер. Тогаш почна да расте буџетот. Тоа е првата работа.

Вели нема промени во структурата од минатата година. Па, минатата година го поддржавте буџетот. Ако нема промени и ако е истиот, значи минатата година ако бил добар, добар е и сега. Зошто тогаш го критикувате?

Трета работа која што сакам да ја потенцирам е сиромаштијата. Да, Македонија се соочува со еден проблем кој што е присутен во сите сфери, но едно е да зборуваме на говорница, друго е да правиме во јавноста. Ќе ве потсетам, ајде сега, госпоѓо Поповска ве повикувам, да ја поддржиме акцијата на сите ние заеднички на Министерството за труд и социјална полилтика и другите министерства, сите кои што имаат основано фирми, кои што им работат различни приватни градежни фирми, градат згради, имаат свои менувачници, имаат свои приватни фирми на инаков начин кои што работат, а држат директорски места на јавни претпријатија или јавни установи во Република Македонија. Ако сте спремни тоа да го направиме заедно ќе го направиме и да не ги ставаме нашите сопрузи, мојата сопруга не ја ставив директор, а вие вашиот сопруг до ставивте директор и сега ние сме кривите а вие не сте. Вие овде се договаравте, што е можеби добро како Македонска телевизија треба од Буџетот да ја помогнеме со огромна сума на пари, а сега кажувате нема пари за социјални случаи, а тоа тајно го правевте со одредени членови во Парламентот. Така не можеме да одиме напред. Затоа јас велам дајте тогаш да седнеме сите заеднички и да се договараме, но не за се да ни е виновен некој друг. Прифаќам Слободан Најдовски е одговорен за тоа и тоа, кога бил на место за одлучување донел таква и таква одлука, но не кога ќе осетиме дека нашите лични интереси се загрозени тогаш се сите виновни, само ние не сме. Тоа ни се случува овие три-четири дена. Затоа денес имаме расправа не од нешто друго, што видовме дека медиумите не критикуваа овие три-четири дена дека не бевме овде на седница. Никој немаше, се шеташе најголемиот дел овде низ Скопје, си бркавме други работи и сега осетивме...

(Господинот Караџоски реагира од место).

Во ред ја прифаќам забелешката господине Караџоски. Ние ја прифативме таа критика и денеска ќе ја исправуваме. Благодарам.

(Господинот Слободан Најдовски се враќа на местото од каде претседава)

Повелете една минута госпоѓа Поповска.

**Лилјана Поповска:** Господине потпретседателе ви благодарам за репликата.

Прво, не сум била главен учесник во транзицијата овие 15 години. Во минатата партија ЛДП сум била 12,5 години, од кои 10 години во опозиција. Значи, цело време сум ги критикувала сосема отворено работењето на едната или другата Влада.

Понатаму, во 1998 година влегов во Владата со согласност на ЛДП како експерт за да работам на индустриска политика и развој. Тој едногодишен период реализирав серија проекти за кои што можеме во друга прилика да зборуваме.

Понатаму, излегов по една година, кога почна лошото водење на политиката.

Трета работа, да не ги ставаме своите сопрузи за директори. Па, господине Најдовски, зарем вие не ја знаете процедурата. Може ли тоа да биде приватна работа, може ли за некој професионалец кој што 25-26 години работи во една институција некој друг да го стави на некое место. Срамота е, со вакви работи мислам дека го симнавте нивото на Парламентот. Срамота е.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Повелете три минути за реплика госпоѓо Цветанка Гашоска.

**Цветанка Гашоска:** Благодарам господине потпретседателе,

Ќе се обидам да објаснам во делот за кој се чувствувам компетентна нешто да објаснам.

Во Европа колешке Поповска не се оди со голем број болнички денови, со користење на скапи дијагностички методи, со користење на многу и на многу скапи лекови. Во Европа се оди со добро организирано и ефикасно примарно здравство, со исто такаво секундарно и терцијално здравство. Таму брзо ќе стигнеме со реформите што треба да ги направиме, со добра стратегија за здравството што треба да ја направиме.

Средствата во Буџетот наменети за здравството не се многу, јасно им е на сите, но не се ни малку. Повеќе ќе ги имаме ако работиме онака како што се работи во Европа, за каде и се стремиме. Да не ги заплашуваме нашите граѓани. Тие имаат и ќе имаат солидно здравство се додека не има нас докторите. Благодарам.

(Со седницата продолжи да преседава господинот Љупчо Јордановски)

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Поповска една минута.

**Лилјана Поповска:** Благодарам.

Колешке знаете дека навистина ве почитувам и вашата стручност секако, меѓутоа, сосема искрено да кажеме во Европа навистина се оди со огранизирано здравство. Овие средства кои што сега се наменети за здравството не можат да обезбедат организирано здравство. Освен тоа и самиот министер најави дека ќе има 30% скратување на здравствените услуги, така што јас тие бројки не ги измислив. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Ивановска, повелете три минути за реплика.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам господине претседателе,

Почитувани колеги, почитувана колешке Поповска.

Навистина ме изненадува вашиот начин на дискусија токму за Буџетот. Вие по вокација сте инжинер и кога се дискутира за Буџетот тогаш се дискутира низ бројки. Јас очекував од вас низ бројките да ги лоцирате слабостите во креирање на еден буџет и како што се дискутира за буџет, затоа што, еве ќе ве потсетам на една ваша изјава кога вие бевте потпретседател на Собранието. Вие кажавте дека Буџетот е баланс меѓу потребите и можностите. И токму тоа е Буџетот. Вие овде кажувате дека многу се грижите за сите слоеви на граѓаните кои што ги спомнавте. Мислите ли вие дека ние не се грижиме за луѓето што примаат социјална помош и како ќе преживеат со 1700 денари. Никако не можат да преживеат со 1700 денари, меѓутоа Буџетот е баланс меѓу можностите и реалните потреби. Тоа е секако една од најкрупните работи за кои се дискутира овде во Парламентот. Мислите ли дека министерот исто така не се грижи за тој слој на граѓани, или некој друг слој на граѓани. Сите групи на граѓани имаат свои потреби и секако парите се ограничени, тие се средствата. Овде треба да се дискутира низ бројки.

Вие како потпретседател исто така имате изјавено дека прв пат во Република Македонија 10% е намалена јавната потрошувачка е успешно водење на макроекономската стабилност во Република Македонија.

Се јавив повеќе за реплика во делот на поплавите.

Овде во Собранието дискутиравме за поплавите и донесовме заклучоци по тие поплави. Вие воопшто не дискутиравте за таа тема и за јавните водостопански претпријатија, кои што од наплатата, еве ќе потсетам ВМРО-ДПМНЕ повикуваше да не се плаќа водниот надоместок 1998 година. Наплатата на водниот надоместок е 2 до 8%. Од 2 до 8% воден надоместок не може да се инвестираат крупни инвестиции, како што е браната "Турија". Санација на браната "Турија", или на некои други брани кои што вие воопшто не ги знаете и не мора да ги знаете. Меѓутоа, такви инвестиции се водат со други проекти.

Со заклучоците по Информацијата за поплавите беа преземени мерки од Владата на Република Македонија, на пример чистењето на Моноспитовскиот канал, кој до Нова година ќе се заврши, таа инвестиција е вредна 650.000.000. Така да таа инвестиција ќе биде завршена и можностите од поплави ќе бидат значително намалени со таа инвестиција и издвоени средства од Буџетот на Владата на Република Македонија согласно заклучоците кои ги донесовме во Собранието. Така да дека ништо не е направено за поплавите таа констатација не е точна, а такви инвестиции, вие сте инжинер, занете дека од такви пари, 2% наплата не можат да се обезбедат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете една минута госпоѓо Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам.

Точно, јас сум по вокација инжинер и дискутирам со бројки, добро ми одат. Секогаш го пофалувам она што сметам дека е добро и дека е за добро направено. Меѓутоа и самата колешке Ивановска кажавте дека со 1700 денари навистина не можат да преживеат граѓаните. Тогаш не ли е нормално да се обидеме да споделиме оние што имаме повеќе со оние што имаат помалку. Дали тогаш не е во ред наместо да си ги зголемиме платите и бенефициите како пратеници, макар на тој план да споделиме. Ова е само една точка, а има многу такви работи, за кои што можеме да дискутираме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повеќе нема реплики.

Повелете господине Пејоски имате збор.

**Ристо Пејоски:** Почитуван претседателе, почитуван господин министер, почитувани пратеници,

Бидејќи пред мене продефилираа говорници кои вешто зборуваа за процентите, бројките, стапките и други агрегати, показатели за да не се повторувам со нив јас ќе изнесам во пет минути неколку рефлексии на уводот на министерот, затоа што сметам дека една мала редуктивна прошетка никого нема да му напакости.

Кога владите ќе се изморат од размислувањата и делувањата од крајот на годината решаваат да се одморат со носење на буџет. Буџетот треба да е сублимација на успехот и минимизирање на неуспехот од претходната година односно тој треба да е поправка и унапредување за наредната година и создавање чувство дека сме на правиот пат. Но, што се случува на тој одмор од многу размислувања и делувања наречен буџет. Ако пред да се донесе не е подготвуван и разгледуван со целокупните ресурси на оваа држава експерти, интелектуалци, партии, пратеници, народот и на тој начи...

**Љупчо Јордановски:** Господине Пејоски,

Јас би ги замолил пратениците да не си играат со пријавување и одјавување, бидејќи ќе го исклучам ова и тогаш само јас ќе знам кој е овде пријавен. Тогаш ќе ми биде многу полесно.

Повелете господине Пејоски.
**Ристо Пејоски:** Заради континуитет ќе продолжам.

Но, што се случува на тој одмор од многу размислувања и делувања на буџетот. Ако пред да се донесе не е подготвуван и разгледуван од целокупните ресурси на оваа држава, експерти, интелектуалци, партии, пратеници и народот и на тој начин не им се ускрати можноста да се вградат во него тогаш се случува обично реплицирање на претходниот буџет донесен само од елитното Министерство за финансии. Или, уште попрецизно, тогаш буџетот е само клонирање на претходно неуспешиот буџет како и секогаш изведен преку послушноста на владиното мнозинство. Затоа иронично звучат зборовите во експозето на министерот кога ми соопшти на почетокот дека има особена чест и задоволство да го предложи и заеднички да го разгледаме. Ако сакаше министерот да е по фер спрема нас и поискрен ќе покажеше поголема потчит кон нашата претпоставена интелегенција ако речеше "Овој буџет почитувани пратеници е императив. Ви се допаѓа вас или не тој како таков ќе биде донесен зашто има механизам". Тогаш кога нештата ќе се наречат со вистинско име почнуваат и вистинските промени односно влегуваме во царството на промените. Не можам да скријам дека бев фасциниран од оној дел на уводот на министерот кога вели: "Економските остварувања во 2005 година изразени преку растот на бруто домашниот производ, фискалната дисциплина, ниската стапка на инфлација, намалување на невработеноста, урамнотежување на екстерната сметка и намалување на каматните стапки претставуваат показател за сигурно закрепнување на македонската економија и добра основа за остварување на уште подинамични стапки на економски раст во наредниот период што доаѓа".Пазете, после 15 години стасавме да изговориме "во наредниот период што доаѓа". Не верувам дека во земјите на транзиција некој на сопствениот народ после 15 години на овој начин ќе му ја одложува иднината и најсветото право на економски раст. Се прашувам до кога ќе ја одлагаме иднината. Ако вака ја одлагаме кој знае каде таа ќе се скрие од нас, но да не заборавам, ја почитувам искреноста во исказот на министерот.

И покрај интелегентно срочениот одговор на министерот во уводот не успеа да ја намали горчината на сиромаштијата и затоа мора да сватиме дека со благо качувачките сатпки или благо слегувачките стапки, му стапнавме на вратот на народот кој сега се бори за последното право, право да диши воздух.

Во експозето се чуствува гордеењето од вклучуваањето на аранжманите со ММФ и Светската банка. Чудно, колку може да се биде горд кога се негува зависност. Јас тоа би го парафразирал вака во Македонија нашата ограниченост успешно ја затворивме со помош на ММФ и Светската банка, така што нашата ограниченост не може да ја напушти Македонија. Еден од чуварите на затворот на смена е стамениот Буџет. Уште почудно е што оваа фалена зависност е толку силна, што дел и од опозицијата измисли Вајгел, поголем од Вајгел за предвреме да се заштити од сопствената несигурност преку својот надворешен ментален патрон. Но, во затворот не е затворена само нашата ограниченост, туку и нејзиниот близнак сиромаштијата. Тие се стабилно сместени во Буџетот без право на Шенген виза. Таму е затворен и стравот од неуспех. Токму тоа е причина тој страв од неуспех да го жртвува нашиот можен успех. Но, доколку апсорбциотната моќ на Владата се зголеми преку прифаќањето на алтернативите од амандманите, верувам дека се подготвува успешно бекство од тој затвор. Бегалците се, да потсетам, ограниченост, сиромаштија и страв од неуспех. За овој страв од неуспех немам против да остане во затворот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Пејоски.

Повелете господине Мустафа имате збор.

**Неџдет Мустафа:** Почитуван претседател, колеги пратеници, почитуван министре.

Би сакал да го одвлечам вашето внимание на оваа многу интересна дебата, дискусии и предлози и во врска со мојата ромска заедница.

Неколку дена ги следам дискусиите, а и го разгледувам со мојата партија Буџетот и останува една отворена грижа за која што сакам гласно да размислувам, а секако очекувам и од министерот дообјаснување или помош на нашата заедничка грижа. Имено, се работи за стратегијата и Декадата на ромите за која што сите заедно тука даковме голем позитивен сигнал и огромна желба дека на ромската заедница во областа на образованието треба да им се помогне, особно сега кога е Декада на ромите и кога се има од сите страни една позитивна желба да им се подаде реална рака на ромската заедница.

Еве, само да се потсетиме на неколку значајни документи кои што Владата ги донесе и во тој контекст сметам дека го наоѓаме местото на мојата грижа. Владата на Република Македонија ги усвои националните акциони планови од Декадата за вклучување на ромите 2005-2015 година и стратегијата на ромите во Република Македонија на 31 јануари 2005 година. Следно, Владата на Република Македонија ги усвои Оперативните планови за импленентација на Националните акциони планови од Декадата на својата седници од 18 ноември 2005 година. Комитетот за односи меѓу заедниците на својата седница од 4 јули 2005 година даде свои предлози до Владата на Република Македонија, во кои се бара Владата да издвои посебен фонд за имплементација на Акционите планови од Декадата и Стратегијата на ромите. Собранието

на Република Македонија на 27 јули 2005 година го разгледа мислењето на Комитетот на односи меѓу заедниците за стратегијата за ромите во Република Македонија, каде што со 63 пратеници кои гласале за, од вкупно 63 пратеници, 61 гласале за, 2 воздржани и против немало. Тоа кај мене и кај мојата ромска заедница предизвика огромно задоволство, а секако и позитивниот сигнал од страна на Владата на Република Македонија на своите официјални состаноци го донесе својот позитивен став дека ќе се грижи за имплементацијата на стратегијата и Декадата на ромите.

Јас почитуван министре, во ставките на Министерството за образование од 101 страница, навистина не успеав да го најдам местото за имплементација на Декадата и Стратегијата на ромите. Верувам дека по вашите знаења ќе ми помогнете да се снаоѓам во Буџетот и да го утешам мојот ромски народ односно младите ромски интелектуалци кои се целосно загрижени околу успехот на своето образование каде Владата на Република Македонија и со колку средства би можела да им помогне во имплементација на стратегијата за развојот на ромите и Декадата.

Следно што ми го привлекува вниманието во однос на Буџетот е секако и грижата во областа на културата на ромската заедница во Република Македонија, иако секако тука нема посебни ставки во однос на заедниците. Но, јас навистина верувам дека Министерството за култура целосно ќе се ангажира со својот Буџет да го зафати книжевниот дел на ромската заедница и издавачката дејност, како и по 50, 60 години постоење на културното уметничко друштво "Пралипе". Се надевам дека во текот на оваа година ќе даваме целосен ангажман во тој тим на фолклор, да прерасне на еден професионален дух и со тоа ќе го задржиме и ромскиот етнички идентитет во однос на фолклорот и традициите на ромската заедница.

Се извинувам што сега повторно ќе се вратам на онаа моја забелешка, нешто испуштив во областа на образованието. Во ставката за изградба на средно училиште, изградба на средни училишта, локалната самоуправа на Шуто Оризари поттикна идејно решение и располага со комплетен проект во однос на изградба на едно средно училиште во општина Шуто Оризари и тоа е од огромна потреба на тоа население. Верувам дека во оваа година оти е Декада на ромите ќе дадам еден голем позитивен сигнал дека сме спремни да и помогнеме на ромската заедници, дури и со едно средно училиште, каде што можат да се образуваат сите деца кои живеат во таа општина.

Во однос на сиромаштијата на граѓаните на Република Македонија се говорело многу. Јас доста конструктивно би сакал да спомнам што вие самите спомнувате и она што ми давате во текот на моите говори целосна подршка дека не би сакал да ги сретнам ромите како најсиромашни граѓани во Република Македонија. Секако, не и најбогати, но сметам дека со еден посебен слух треба навистина да им се помогне на ромската заедници, особено кога повторно се повикуваме дека ќе инвестираме еден огромен труд во текот на овие 10 години.

Време е кога Република Македонија навистина треба да излезе во својот Буџет со една посебна програма за борба против сиромаштијата на ромската заедница во Република Македонија. Со тоа навистина ќе дадеме една силна можност во однос и на образованието на ромските деца да имаат услови на кои што може да им се поттикне желбата за доршување на нивното образование.

На крај, би сакал да се заблагодарам на убавите зборови на колешката Лиле Поповска во однос на она што го истакна за ромската заедница. Тоа кај мене предизвика едно општо задоволство, а секако и кај ромската заедница на оние кои што ги следеа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на раздел 03001 Програма 2, подпрограма 20 ставки 420, 421,422, 423, 424, 425,426 и 483 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20, ставка 426 и за додавање Преглед на наменски додатоци за делегирани надлежности по општини во текстуалнито дел на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2006 година и тие се составен дел на Предлогот на буџетот.

Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандмани на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 487 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 483, раздел 14001 Програма 3, подпрограма 30 ставка 464 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 483, раздел 16001 Програма 4, подпрограма 4Б ставка 482 и на раздел 04002 Програма 1, подпрограма 1А ставка 481, раздел 16001, Програма 6, подпрограма 6А ставка 482, и на раздел 09002, Програма 2, подпрограма 20 ставка 464 и на раздел 16101, Програма 2, подпрограма 20 ставка 463, Програма 4, подпрограма 40 ставка 463 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 483, по кои Владата не се произнела.

Кон амандманот поднесен од пратенико Жарко Караџоски под архивски број - 4387/7 се приклучија пратениците Марјан Ѓорчев, Михајло Георгиевски и Аднан Ќамил.

Пратеникот Иван Анастасовски поднесе амандман на раздел 15001 Програма 2, подпрограма 20 за додавање подкатегорија 47 и нова ставка 471 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 483, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Иван Анастасовски, Соња Лепиткова, Благој Голомеов, Роза Топузова-Каревска, Нелко Стојановски, Коста Прешоски, Спиро Мавровски, Јусуф Арифи, Милка Митковска, Силвана Бонева, Хисни Шаќири, Ѓорѓи Оровчанец и Тасим Сулејмановски поднесоа амандман на раздел 16001 Програма 6, подпрограма 6А ставка 482 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 21 ставка 413, по кои Владата не се произнела.

Кон овој амандман се приклучи и пратеникот Славица Грковска.

Пратениците Соња Липиткова, Благој Голомејов, Роза Топузова-Каревска, Нелко Стојановски, Иван Анастасовски, Коста Прешоски, Спиро Мавровски, Рафиз Алити, Хусеинџеват Хусеини, Милка Митковска, Силвана Бонева, Хисни Шаќири, Ѓорѓи Оровчанец и Тасим Сулејмановски поднесоа амандман на раздел 16101 Програма 2, подпрограма 20 ставка 463 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 483, по кој Владата не се произнела.

Кон овој амандман се приклучи и пратенико Аднан Ќахил.

Комисијата за образование, наука и спорт поднесе амандман на раздел 16001 Програма 7, подпрограма 71 ставки 420,421.423,424,425 и 426 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставки 483 и 413, со кој не се согласил преставникот на Владата.

Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандмани на раздел 13001 Програма 2, подпрограма 20 за додавање на нова категорија 46 по категоријата 45 и за додавање нова ставка 461 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 482, раздел 02001 Програма 2, за додавање нова подпрограма 22 по подпрограма 21 со нова категорија 42 и нова ставка 426 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 483 и на раздел 12101 Програма 2, подпрограма 2А ставка 482 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 482.

Комисијата за здравство поднесе амандмани на раздел 19001 Програма 1, подпрограма 10 ставка 401,402 и 403 и на раздел 19001 Програма 2, подпрограма 20 ставка 420, 421, 423, 424,425 и 426, раздел 19001 Програма 4, подпрограма 40 ставка 401, 402 и 403 и на раздел 19001 Програма 4, подпрограма 40 ставки 483, 420, 425 и 426 и на раздел 19001 Програма 7, подпрограма 71 ставка 401, 402 и 402 и на раздел 19001 Програма 3, подпрограма 30 ставка 425 по кои Владата не се произнела.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандмани на раздел 14001 Програма 3, подпрограма 30 ставка 464 и на раздел 09002 Програма Д, подпрограма Д8 ставка 486 и на раздел 12101 Програма 4, подпрограма 4Б ставка 489 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 483, со кои преставникот на Владата не се согласил.

Комисијата за култура поднесе амандмани на раздел 18010 Програма 3, подпрограма 30 ставка 464 и на раздел 18001 Програма 1, подпрограма 1А ставка 482, раздел 18010 Програма 5, подпрограма 50 ставка 464 и на раздел 04002 Програма 1, подпрограма 1А ставка 481 и на раздел 18010 Програма 8, подпрогарма 80 ставка 646 и на раздел 09002 Програма 2 подпрограма 20 ставка 464, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Соња Лепиткова, Ѓорѓи Оровчанец, Иван Анастасовски, Славица Грковска, Аднан Ќахил, Благородна Мингова-Крепиева и Ангелка Пеева-Лауренчиќ поднесоа амандман на раздел 16001 Програма 2, подпрограма 20 ставка 401 и 402 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 483, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Благој Голомеов, Лилјана Ивановска и Соња Лепиткова поднесоа амандмани на раздел 12101 Програма 4, подпрограма 4Б ставка 489 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 482, раздел 12101 Програма 4, подпрограма 40 ставка 425 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 483, раздел 12101 Програма 5, подпрограма 50 ставка 483 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 487, раздел 12101 Програма 4, подпрограма 4А ставка 482 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 21 ставка 413 и на раздел 12101 Програма 6, подпрограма 60 ставка 425 и на раздел 04002 Програма 1, подпрограма 1А ставка 481, подпрограма кои Владата не се произнела.

Пратениците Аднан Ќахил, Јани Макрадули и Ејуп Рустеми поднесоа амандман на раздел 31101 Програма 2, подпрограма 20 ставка 425 и на раздел 13001 Програма 2, подпрограма 20 ставка 425, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Марјан Ѓорчев поднесе амандман на раздел 14001 Програма 4, подпрограма 40 ставка 464 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 482, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Емилија Костадинова поднесе амандман на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 487, раздел 08001 Програма 2, подпрограма 20 ставка 425 раздел 04002 Програма 1, подпрограма 1А ставка 481, раздел 04002 Програма 1, подпрограма 10 ставка 425 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 482, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Марија Којзеклиска поднесе амандман на раздел 02001 Програма 2, подпрограма 20 сравка 425 и на раздел 09004 Програма 2, подпрограма 20 ставка 425, раздел 07001 Програма Г, подпрограма ГА ставка 426 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 463, раздел 10001 Програма Буџетот, подпрограма Б3 ставка 489 и на раздел 08001 Програма 2, подпрограма 20 ставка 489 и на раздел 08001 Програма 2, подпрограма 20 ставка 425, на раздел 13001 Програма 2, подпрограма 20 ставка 425, раздел 13001 Програма 2,

подпрограма 20 ставка 482 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 426, раздел 14001 Програма 3, подпрограма 32 ставка 464 и на раздел 04002 Програма 1, подпрограма 10 ставка 425, раздел 14002 Програма 3, подпрограма 3 ставка 464, и на раздел 09001 Програма 1, подпрограма 10 ставка 483 и на раздел 15010 Програма 2, подпрограма 2А ставка 481 и на раздел 15010 Програма 2, подпрограма 2А ставка 483, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Марјан Ѓорчев, Соња Лепиткова, Михајло Георгиевски, Аднан Ќахил, Драган Ѓорѓиев, Славица Грковска, Коста Прешоски, Петат Апостолов, Ејуп Рустеми, Никола Апостоловски, Роза Топузора-Кареска, Хисни Шаќири, Исмет Рамадани и Ѓорѓи Оровчанец, поднесоа амандман на раздел 14001 Програма Буџетот, подпрограма Б8 ставка 489 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 483, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Роза Топузова-Каревска, Петар Апостолов, Нелко Стојановски и Благој Голомеов поднесоа амандман на раздел 16001 Програма 6, подпрограма 6А ставка 482 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 464, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Илија Китаноски, Силвана Бонева и Илија Србиновски поднесоа амандман на раздел 14001 Програма 3, подпрограма 30 ставка 464 и на раздел 09002 Програма Д, подпрограма Д8 ставка 486, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева поднесоа амандмани на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 488 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 426, раздел 13001 Програма 3, подпрограма 3Б ставка 488 и на раздел 09002 Програма Д, подпрограма Д8 ставка 486, раздел 16001 Програма 2, подпрограма 2Б ставка 482 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 463, раздел 16001 Програма 3, подпрограма 3Б ставка 482 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 483, раздел 16001 Програма 5, подпрограма 50 ставка 426 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 463, раздел 16001 Програма 6, подпрограма 6А ставка 482 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 483, раздел 16001 Програма 6, подпрограма 60 ставка 426 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 463, раздел 16001 Програма 7, подпрограма 71 ставка 425 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 463, раздел 18010 Програма 2, подпрограма 2А ставка 482 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 483 и на раздел 19101 Програма 1, подпрограма 10 ставка 488 и на раздел 09002 Програма Д, подпрограма Д8 ставка 486, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Спиро Мавровски, Драго Шајноски, Ристо Пејоски и Блаже Стојаноски поднесоа амандмани на раздел 16001 Програма 2, подпрограма 2Б ставка 482 и на раздел 06001 Програма 2, подпрограма 20 ставка 423, раздел 18 010 Програма 5, подпрограма 50 ставка 464 и на раздел 09002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 487 и на раздел 19001 Програма И, подпрограма ИО ставка 483 и на раздел 05001 Програма 1, подпрограма 10 ставка 426, по кои Владата не се произнела.

Пауза до 15.05 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,5 часот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02001, програма 2 , подпрограма 20 ставка 425 и на раздел 09004 програма 2, потпрограма 20, ставка 425, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Со оглед дека образложението за нас е неразбирливо од госпоѓата Којзеклиска во амандманот што го има, дали бара за стоки и услуги дали за Програмата за практиканти, би замолил ако може една минута само да соопшти, што е намрата на овој амандман.

**Слободан Најдовски:** Повелете госпоѓа Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе практикантите кои се во Собранието на Република Македонија во моментот и досега имаше во Собранието пракса во својата работа да вклучи практиканти, но тие истите беа од Организацијата МБА и тие за нивното присуство овде во Собранието примаа соодветен надоместок од МБА. Последнава генерација и оваа сега што е во моментот во Собранието, а која ќе биде до мај месец 2006 година, тогаш им завршува нивната пракса, не се ибезбедени ниту парични средства, ниту пари за превоз. Значи, минимален износ не е обезбеден, за разлика од она што беше во претходните години, кога ни беа практикантите тука присутни, меѓутоа, беа плаќани од страна на Националниот демократски институт. Сега имаме редовен одлив на вработените од службите. Се чувствува определен недостаток од страна на службите во Собранието, со оглед на фактот дека ДИК ќе се формира и голем дел, или одреден број на луѓе ќе влезат, или ќе отидат да работат како професионалци од стручните служби во ДИК, бројот на практикантите сметам според мене дека е неопходно потребен да постои во Собранието. Барем во оваа структура, иако некои колеги од другите политички партии имаа бурни реакции на ваквото барање од страна на практикантите. Месечниот износ од 3.000 денари до завршување на Програмата, значи ќе повторам до мај месец

2006 година, сметам дека за покривање на основните трошоци за превоз и за исхрана, нема да претставува голем товар во буџетот. Се работи за вкупен износ од 630.000 денари се на се, за сите практиканти. А со оглед на тоа дека во секое министерство, постои ставка договорни услуги, кои за разлика од буџетот 2005 година, споредено со буџетот 2006 година, како бројка е зголемено, сметам дека Министерството за финансии, може да ги одвои овие финансиски средства, со оглед на тоа дека децата кои работат сега како практиканти во Собранието се од голема помош на пратениците. Благодарам. Тоа е моето објаснување, а останува на министерот да каже.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Со оглед дека се работи за логистичка поддршка на практикантите и на пратеничките групи кои ја користат нивната техничка, понекогаш и стручна помош, го прифаќаме амандманот, со цел да се олесни работата на пратеничките групи.

**Слободан Најдовски:** Добар старт имаме со амандманите.

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на буџетот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02001, програма 2, за додавање нова потпрограма 22 по подпрограма 21, со нова категорија 42 и нова ставка 426 и на раздел 09002 програма 2, потпрограма 20 ставка 483, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Значи Владата на Република Македонија ќе има рестриктивен пристап кон амандмани кои од средствата за инвестиции, а тоа најголем дел од пратениците го зборуваа во текот на оваа расправа дека нема доволно средства за инвестиции. Принципиелно средствата кои се симнуваат од инвестициони активности на буџетот на Република Македонија за други намени, во овој случај за трансфери, нема да ги прифаќам. И овој амандман не го прифаќам.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Томе Тромбев.

Повелете господине Тромбев.

**Томе Тромбев:** Благодарам почитуван потпретседателе, овој амандман и уште 4 други амандмани, кои што ќе ги разгледуваме во текот на наредниот период се поднесени од Комисијата за транспорт, врски и екологија. Овие амандмани се во согласност со новиот Закон за радиодифузна дејност, кој што е донесен пред еден месец. Ние претпоставуваме дека Министерството за финансии во претходниот период, припремајќи го Предлог буџетот го немаше предвид овој Закон, меѓутоа, законското решение не обврзува, особено членот 19 да издвојуваме средства за обавување на дел од програмските сервиси, кои што се зацртани соглано Законот.

Конкретниот амандман е за собранискиот канал за инвестиционите и редовните активности на собранискиот канал.

Затоа, би ги повикал пратениците да го поддржат овој амандман, бидејќи тој претставува законска обврска. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Тромбев.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставиме амандманот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Мал број од дискутантите се присутни за гласање. Тоа значи нешто.

Јас уште еднаш ги молам оние пратеници што се надвор од салата, за почитување кон оние што се внатре да влезат и да преминеме на гласање за амандманите.

Молам пратениците да седнат на своите места и службите уште еднаш да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Со оглед на тоа што имаме доволен број пратеници присутни во салата, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, гласале 58, за аманддманот гласале 15, нема воздржани, 43 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 02001 програма 2, за додавање нова потпрограма 22 по програма 21, со нова категорија 42 и нова ставка 426 и на раздел 09002 програма 2, потпрограма 20 ставка 483, поднесен од Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Пред да преминеме на следниот амандман, сакам да ве известам дека во меѓувреме Владата на Република Македонија поднесе амандман во посебниот дел од Предлогот на буџетот, раздел 10001 и на потпрограмата 10 ставка 421 потпрограма 30 за додавање нова поткатегорија 46 и нова ставка 464 потпрограма 41 ставка 421, потпрограма 43 поткатегорија 48 за додавање нова ставка 481, ставки 421, 423, 424, 425 и 426 за

додавање нова ставка 462 по ставката 426, поткатегорија 46 за додавање нова поткатегорија 48 по ставка 464 и на ставка 483 и на ставката 7411 во билансот на приходи на буџетот и на централниот буџет по ставки и тој е составен дел на текстот на Предлогот на буџетот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 04002 програма 1, подпрограма 48 ставка 461 и на раздел 04002 програма 1, подпрограма 1-а, ставка 481, поднесен од пратениците Роза Топузова-Каревска , Петар Апостолов, Нелко Стојановски и Есад Рахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Амандманот не го прифаќаме од две причини .

Прво, се пренасочуваат средства од инвестиции на Владдата, значи од средства за инвестиции во принцип нема да се прифаќаат амандманите.

За намената за која амандманот се залага, со оглед што се работи за многу мала сума, ако тоа јавно претпријатие за кое се однесува, има проблем за функционирање во текот на годината, за тоа постојат и резервите од Буџетот, може секое време да се одвојат, бидејќи се работи за многу мали износи.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат за да поминеме на гласање.

Додека влезат останатите пратеници можеме да направиме една статистика, да видиме колку дискутанти што дискутираа овие денови за Буџетот, се присутни за време на гласањето. Тоа во текот на денот ќе се обидам да го направам.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни пратеници, гласале 55, 16 гласале за амандманот, 1 воздржан, 38 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 04002 Програма 1 потпрограма 48 ставка 461 и на Разел 04002 Програма 1 потпрограма 1-а ставка 481, поднесен од пратениците Роза Топузова-Каревска, Петар Апостолов, Нелко Стојановски и Есад Рахиќ.

Отворам претрес по амандманот на Разел 07001 Програма Г потпрограма ГА ставка 426 и на Раздел 09002 Програма 2 подпрограма 20 ставка 463, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Кај расходите наменети за финансирање за реформата на судството за која е поднесен амандманот, ако предлагачот на амандманот, госпоѓата Којзеклиска го виде и Буџетот на страна 222 каде е поднесен амандманот, покрај средствата од 5 милиони на кои дава амандман, во колоната на расходи од заеми ќе види дека се обезбедени уште 28,5 милиони од заемот од Светска банка. Така што заедно овие средства се 33,5 милиони, не се само 5 и нема потреба од овој амандман, со оглед што расходите се финансираат, покрај од Буџетот и од заемот, а заемот пак се враќа од Буџет, што значи повторно на индиректен начин го финансира Буџетот. Затоа амандманот не го прифаќаме, едноставно од него нема потреба.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Со ребалансот на Буџетот, 2005 година кога го правевме во септември, за оваа програма и подпрограма за реформи во судството, биле одвоени 20 милиони денари. Сега со Предлогот на овој Буџет, вкупниот износ е 47 милиони и тоа од Централниот буџет се 5 милиони.

Точно е дека заемот е 28,5 милиони. Но да се разбереме. Ние имавме уставни амандмани, го менувавме Уставот за да можеме да ги спроведеме реформите во судството и во она што е наведено како образложение во програмата Г, јакнење на владеење на правото. Потпрограма реформа во судството се вели: ги опфаќаат буџетските средства наменети за Центарот за континуирана едукација на судии и јавни обвинители, што претставува дел од владината програма за реформа во судството. Со ваквото штуро образложение што опфаќа реформата во судството, не можам да се согласам со предлагачот, како го образложил тоа и ќе повторам. Ние го менувавме Уставот за да ја спроведеме и да ја јакнеме реформата во судството. Значи и овој износ, според мене, иако знам дека парите ќе се враќаат од Буџетот, меѓутоа предвидените пари од 47 милиони денари и заемот, сметам дека се малку, ако сакаме да напрвиме еден длабок рез и нова стартна основа за квалитетно судство. Впрочем и на големите забелешки, тоа по илјадити пати го кажуваме, од страна на организациите од Европската унија кои укажуваат на реформа во судството, борба против корупцијата и тн. Сега ние од нашиот Буџет и земаме заем, но парите кои се одвоени од Буџетот, според мене се малку, ако сакаме навистина да го реформираме судството. Од таа причина јас го поднесов амандманот. Мнистерот не го прифати. Во ред е. Сметам дека е во ред колегите од позицијата да гласаат за овој амандман. Инаку ќе имаме само декларативна заложба за реформа во судството. Со овој амандман и со овие пари што барам да бидат префрлени за реформи во судството, ќе

имаме малку поголема стартна основа за вистинска реформа во судството.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Благодарам потпретседателе.

Само кратко во насока на длабокиот рез што го спомна госпоѓа Којзеклиска во судството и во реформите на судството. Сметам дека Министерството за финансии и министерот треба да покажат малку повеќе доблести и да го прифатат овој амандман.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Да бидеме прецизни.

Прво би сакал на господинот Рахиќ да му се обратам дека Буџетот не се донесува врз основа на доблест, затоа што тоа е тежок збор дека некој треба да има доблест за да прифати амандман. Во спротивно, ако амандманот не се прифати, нема доблест, а тоа значи и ако пратениците го одбијат амандманот и тие немаат доблест. Значи дека не треба да се употребуваат такви зборови.

Реформата во судството се финансира од повеќе извори, се финансира и од донации и се финансира во повеќе раздели. Значи судството го финансираме само како реформа, како политика на реформа, преку Министерството за правда. Инаку вистинските трошоци за судството се во Буџетот на судската власт. Ако таму погледнете ќе видите имаме огромно зголемување на средствата и тие, покрај другото се наменети за реформа и за процесните закони што не се реформи, што бараат некои други процедури, а ќе следи уште една буџетска расходна стапка, веројатно 2007 година, откако Собранието конечно ќе одлучи, со оглед што во овој момент нема јасен знак од никого, какви видови на судови ќе формира Република Македонија. Но тоа ќе се знае, според Уставниот закон што Собранието го утврди пред еден месец, до јули 2006 година, ќе се донесе законот, а откако ќе се донесе во него ќе се утврди, во кој рок ќе се спроведува, со оглед дека се работи за можна, која не може никој сега да ја продуцира, продукција на специјализирани судови, а не знаеме ни какви, дали трудови, дали стопански, дали кривични. Тоа ќе си го каже во процедура Владата и Парламентот и судската власт. Тогаш ќе проектираме дополнување таму каде што треба, за 2007 година. Нема друг начин. Сега не можеме да прејудицираме еден дел од тоа. Другото е се тука. Ве уверувам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници, 15 за амандманот, 2 воздржани, 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Разел 09002, Програма 2 потпрограма 20 ставка 487, Раздел 08001, Програма 2 потпрограма 20 ставка 425, Раздел 04002 Програма 1 потпрограма 1-а ставка 481, Раздел 04002 Програма 1 потпрограма 10 ставка 425 и на Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратеникот Емилија Костадинова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Амандманот е за сериозна сума на пари, поднесен од госпоѓата Костадинова и меѓу другото зафаќа од средства за кои и утрово зборувавме дека се потребни на Република Македонија по разни основи, со оглед дека има 4-5 различни намени од кои ги зафаќа, вклучувајќи ја и Амбасадата во Брисел која ни треба за интеграција во Европската унија и други градежни објекти. Така што не сум во ситуација и не го прифаќаме амандманот.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Емилија Костадинова.

**Емилија Костадинова:** Благодарам потпретседателе.

Причината зошто го поднесов амандманот е тоа што констатирав дека средствата на Фондот за регионални и магистрални патишта неколку години наназад, оние кои се дотираат од Буџетот, се намалуваат во услови кога знаеме дека приходите од акцизи на потрошувачката на гориво растат. Така што, ако направиме една споредба, планираните средства за 2006 година, во споредба со 2005 година, се намалени за 9% или за 111.000.000 денари, а во споредба со 2004 година а 400.000.000 денари или за 25%.

Јасно ми е дека се работи за поголема сума на средства, но со овој амандман јас сакав на Фондот да му дадеме можност, покрај финансиска поддршка на инвестиции со странски кредити, да може и со сопствено учество да реализира проекти од помал финансиски обем со сопствени средства, односно со буџетски, како на пример приоритетните правци Радовиш-Струмица, потоа Плетвар, третата лента и некои други помали инвестиции по финансиски обем, а кои се многу значајни како клучни за економскиот и регионалниот развој.

Посебно како проблем би го издвоила, во источниот регион, заобиколниот пат Виница-Берово, во должина од 6 км. што не бара големи финансиски средства. Виница,заедно со градот Ресен се единствени градови во Република Македонија што немаат заобиколница и низ кои, низ центарот на градот минува фреквентна сообраќајница која предизвикува многу проблеми.

Исто така има и други делници во источниот дел кои ссе многу значајни за населението од тој крај, како што е регионалниот пат Виница-Делчево или РТ 121, преку село Драгобраште. На истиот пат има претходни инвестициони зафати и истиот стои незавршен, во многу лоша состојба односно секојдневно се руинира. Со изградбата на овие сообраќајници сметам дека ќе се подобри и ќе се скрати поврзаноста на источниот регион со НР Бугарија, потоа ќе се подобри квалитетот на сообраќајот помеѓу општинските центри, а со тоа ќе се сопре и миграцијата село-град, во тој пасивен крај.

Сметам дека со добивањето на овие средства, Фондот за регионални и магистрални патишта ќе може во Програмата за 2006 година, да ги вклучи наведените патни правци и сите да ги реализира.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 16 гласале за, 2 воздржани, 36 против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници, за да утврдиме дали е валидно гласањето.

Во моментот на гласањето беа присутни 65 пратеници.

Гласањето е валидно.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 487 и на Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Овој амандман ќе го прифатам, со една назнака дека прифаќајки го амандманот, едновремено укажувам дека намените на овие средства се утврдуваат со програмата на Фондот за патишта која ја донесува Владата во текот на 2006 година, а не со образложението кое е овде. Тогаш ќе биде дополнителна работа каде ќе се алоцираат средствата и тоа подносителот, господинот Караџоски бидејќи е искусен пратеник знае дека е со програма, а не со ова.

Значи го прифаќам амандманот. Образложението е веќе друга работа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на Буџетот.

Господине Караџоски имате процедурално?

**Жарко Караџоски:** Не е процедурално, туку во смисла на тоа дека има програма. Сакам само да го потсетам министерот дека има програма затоа што веќе дел на тој пат се интервенирало и заради тоа сум го поднел овој амандман. Но сакам и да се заблагодарам за прифаќањето на амандманот.

**Слободан Најдовски:** Тогаш не е процедурално.

Амандманот е прифатен и е составен дел на Предлогот на Буџетот.

Отворам претрес по амандманот на Разел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 488 и на Раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 426, поднесен од пратениците Илија Китаноски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Амандманот да се произнесе.

**Никола Поповски:** Капиталните дотации кои Владата ги обезбедува до единиците на локалната самоуправа односно до општините, не се сместени во функција на држава и затоа ставката е нула, а се сместени во ресорите каде се одвиваат до 2006 година, затоа што децентрализацијата веќе започна на пола година. Оваа година е целосно интегрирано. Вие добивте и табела од Владата каде одат и тие си се интегрирани во секој ресор посебно, кој е децентрализиран: култура, образование и да не набројувам, вклучувајќи и капитални инвестиции и капитални дотации за водоснабдување и др., во министерствата каде им е намената.

Од тие причини овој амандман не го прифаќам и нема логика.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Зошто се одлучивме да го доставиме овој амандман.

Како што кажа министерот, најголем дел од дотациите кои треба да пристигнат до единиците на локалните самоуправи, ги има во разни министерства, меѓутоа не така прегледно, да се знае колку точно пари по одредени намени за одредени капитални дотации ќе се даваат во секоја област и за проекти за кои се заинтересирани посебно во локалната самоуправа, меѓутоа и граѓаните, од кои зависи севкупниот живот на единиците на локалната самоуправа, бидејќи ги допира скоро сите важни области, сметавме дека е неопходно потребно да биде посебно одделен еден сериозен износ.

Минатата година во Буџетот беа издвоени 27 милиони 560 илјади за капитални дотации единиците на локалната самоуправа и мислиме дека е неопходно потребно овие 50 милиони што бараме, значи наместо износот нула да се додадат уште 50 милиони денари, бидејки е очигледно дека процесот на децентрализација е закочен заради немањето можност на локалните самоурпави да оделат толку пари колку што се неопходно потребни да функционира и

образованието и културата и здравството, тоа значи сите области за кои што во моментов е одгово на локалната самоуправа. Тука е и социјалната заштита, тука се спортот и рекрацијата. Сите овие надлежности општините ги добија, меѓутоа заедно со нив и објектите во кои што се остваргуваат овие надлежности, како што се културните установи, старечките домови, училиштата, детските градинки и спортските објекти. До сега финансиските средства за функционирање на овие институции ги обезбедуваше целосно централната власт, но сега средствата што се издвојуваат како дотации од државата, не стигнуваат за нивно тековно одржување, поради што не станува збор за евентуални нови капитални вложувања и осовременувања.

Овие објекти, најчесто се во руинирана состојба и прашање е кога ќе станат опасни за употреба. Да не зборуваеме за пробелмите што ги имаат директорите на училиштата, управните одбори и самите ученици, со тоа што немаат греење, со тоа што во каква рунинирана состојба се училиштата. Тоа понатаму ќе го зборуваем во делот кога ќе стасаме кај обврските што ги има Министерството за образование. Меѓутоа, сметаме дека и овде е неопходно потребно да се оделат средства заради тоа штопознато е дека новата територијална организација исто така направи неколку општини, од неколку општини да се формира една или пак една да биде разделена на две општини или повеќе. Оттука произлегуваат и пробелмите со просторот што треба да го имаат локалните самоуправи. Најнеопходното, простор за нивно функционирање. Бидејки голем дел од нив немаат свои простории и се внесени во простории што не одговараат за самите локални самоуправи заради што тие превзедоа дури и вработени од централната валст, меѓутоа немаат услови за извршување на работата што им е доверена.

Соoглед на тоа дека општините не располагаат со доволно средства, нормално е да се очекува власта да им префрли дополнителни, освен обврските, дополнителни средства бидејки не им овозможи нови извори на финансирање за да се помогне надминувањето на овој проблем во преодниот период.

Од друга страна пак, аранжманите на извршната власт за продажба на градежно земјиште, во секој случај не би можеле да бидат заокружени без учество на локалната власт, како што е издавање градежна дозвола, менување на урбанистички план и, што е најважно, обезбедување на комунална инфраструктура, а средствата што ги добиваат од употреба на градежното земјиште, најчесто не се доволни ни за изведување на прикучок, а камоли за проширување на инфраструктурната мрежа, оптоварена со новите објекти.

Голем дел од територијата на Република Македонија, но и делови од општини што ги нарекуваме град имаат сериозен проблем со задоволување на основните потреби на граѓаните, како што е соодветно снабдување со вода за пиење, а истовремено од тие општини се очекува да отпочнат  некаков локален економски развој и да привлечат странски инвеститори.

Токму за тоа, државата, задолжително мора да партиципира во вакви капитални проекти. Ако се продолжи со ваквата филозофија кон основнит епотреби на граѓаните, што се во надлежност на единиците на локалната самоуправа, сметаме дека едноставно ќе се изгуби смислата, целосната смисла на процесот на децентрализација. А, со државна подршка на капиталните вложувања во општините, ќе се исполнат очекувањата на граѓаните и ќе дадеме јасен сигнал на Европската унија дека ги прифаќаме нејзините препораки за изедначен развој во локалната самоуправа и дека вистински го помагаме процесот на децентрализацијата.

Од овие причини, без оглед на тоа што беше кажано од страна на минситерот дека во поедини министерства има некои средства што се одобрени за вакви капитални дотации, сметам деак износот од 50 милиони денари е неопходно потребен за да може да профункционираат единиците на локалната самоуправа во овој период, се до нивното вистинско функционирање и можност за стекнување со дополнителни извори на средства. Благодарам.

**Слободан Најдовски:**  Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 11 гласале за, 2 воздржано и 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на  раздел 10001 Програма Б, подпрограма Б3 ставка 489 и на раздел 08001 Програма 2 подпрограма 20 ставка 425, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот  на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам. Овој амандман не можеме да го прифатиме и средствата се наменети, како што кажав, за купување на нашата амбасада во Брисел и за нејзино опремување, во функција на претстојните преговори со Европската унија. Не можеме од тука средства да оделиме. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Којзеклиска Марија.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам господине потпретседателе.

За да објаснам на што се однесува амандманот, морам дополнително да ви кажам дека со овој амандман барам во Програмата на Владата мерки за намалување на сиромаштијата, тоа е Програма Б потпрограма Б3-Електрификација на селата, барам да се одземат од Договорни услуги во Министерството за надворешни работи, значи Програма 2, Дипломатско-конзуларни претставништва, потпрограма 20 ставка Договорни услуги и износ од 10 милиони денари. Значи, јас не барам пари од набавката на амбасадата во Брисел, туку барам од Договорните услуги.

Инаку, електрификација на села, како потпрограма Б3, да ви кажам искрено во 2006 година, 2005, колку денови се пред 2006 година, малку неубаво звучи. Ние, во 21 Век допрва ги електрофицираме селата. И, според она што ни е кажано во самата програма, Мерки за борба против сиромаштијата, се вели дека оваа електрификација на села опфаќа спроведување на електрична енергија до неразвиените рурални подрачја.

Целта на оваа Програма е да се поттикне задржување на семејствата во селата или нивно враќање во истите, бидејки со достапноста до електричната енергија ќе се подобри и квалитетот на животот.

И сега, во Министерството се објаснува што се е направено во 2005 година и вели во 2005 година е обезбедена електрична енергија во селата Калин Камен и Подржикоњ- Крива Паланка и селото Карабуништа-Велес.

Ќе ги замолам уште еднаш колегите пратеници од позицијата, со оглед на тоа дека сме во фаза на продажба на ЕСМ, да електифицираме и некои други села, можеби центата ќе нис е дигне на АД. ЕСМ, па ќе можеме и поскапо да ја продадеме, а во исто време ќе имаат и селаните ќар. Мислам на неразвиените рурални подрачја.

Затоа барам подршка од позицијата за овој амандман. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Мавровски Спиро.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе.

Во контекст на амандманот од колешката Којзеклиска, мислам дека тоа што Владата го предвидува како мерки за намалување на сиромаштијата, во мојот говор во однос на Буџетот, мислам дека е депласирано, на прагот на третиот милениум да говориме за некоја електрификација како планирање на некои петтогодишни планови, а од друга страна говориме за нешто што треба да го продадеме како продукт и дека е така доброкласифициран што ќе постигнеме не знам каква цена.

Значи, двете работи не одат една со друга. Овие средства би требале да се предвидат и да се доделат во однос на она, какошто е кажано тука, за капитални субвенции, за претпријатија и невладини организации, каде што имаме намена за развој на селата. Но, мислам дека Министерството за финансии апсолутно не чувствува таква потреба. И со останатите закони, онаму каде е развој на селските подрачја, апсолутно се доведуваат во нерамноправна положба. И до сега беа. Со овие нови мерки, наместо ситуацијата да се поправи, мислам дека се повеќе се влошува.

Во овој дел, апсолутно, овие средства што се предвидени се недоволни. Во секој случај, министерот е тој кој ќе каже дали може или не може да се доделат овие средства. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, за да преминеме на гласање.

(Пратениците влегуваат во салата).

Молам службите нека го утврдат точниот број на присутни пратеници.

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници).

Во салата имаме 63 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 11 гласале за амандманот, 1 воздржан и 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Преминуваме на следниот амандман.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 Програма 2, подпрограма 2А ставка 482 и на раздел 09002 Програма 2 подпрограма 20 ставка 482, поднесен од Комисијата за транспорт врски и екологија.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Потпретседателе, знам дека ќе ви направам мал проблем, меѓутоа сум уверен дека со добра волја може да се решаваат работите. Доколку предлагачот на амандманот се согласи износот 42 милијони што го предлага да се замени со 27 милиони денари, амандманот ќе биде прифатен.

А, за волку голем пораст не можеме, затоа што и намените што се бараат не се толку големи. Значи, ако предлагачот се согласи бројот 42 милиони да се замени со бројот 27 милиони, тогаш амандманот ќе го прифатиме.

**Слободан Најдовски:** Во ред, тогаш вака ќе направиме.

Согласно Деловникот,  молам да се изготви амандманот. Овој амандман ќе го сотавиме. Да се изготви амандман што ќе може да ги задоволува тие форми, до колку се согласат предлагачите. Инаку, вака како што предлага министерот, не можеме вака да го прифатиме тоа.

Молам, претседателот на Комисијата за транспорт и врски дали се согласува на ваков начин, службите да изготват соодветен амандман?

Има збор, пратеникот Тромбев Томе.

Повелете господине Тромбев.

**Томе Тромбев:** Благодарам потпретседателе.

Го прифаќаме предлогот на министерот, може да се изготви.

**Слободан Најдовски:** Во ред, тогаш подгответе амандман и после тоа ќе го разгледуваме.

Преминуваме на следниот амандман.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 Програма 4 потпрограма 4Б ставка 489 и на раздел 09002 Програма 2 потпрограма 20 ставка 483 поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Со овој амандман не се согласил претставникот на Владата на седницата на Комсиијата.

Има збор минситерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Амандманот не го прифаќаме, а и ставката од која предлага да се зафати средства, веќе се намали со претходно прифатенио тамандман од страна на Владата. Од тие причини амандманот не можеме да го прифатиме.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Ѓорчев Марјан.

Повелете господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани дами и господо пратеници,

Со овој амандман се предлага обезбедување на дополнителни средства за Министерството за животна средина и просторно планирање и тоа за реализирање на активностите во потпрограма 4Б, проект "Спас на Дојранското Езеро".

Овој проект за спас на Дојранското Езеро е еден од ретките со кои што Република Македонија се класифицира во државите што водат грижа за одржливиот развој на животната средина. Во тој контекст сметам дека претставува раритет , дури на подрачјето на Балканскито полуостров, каде што ние не сме членка на Европската унија, меѓутоа државата се нагрбила со товар од свои финансиски ресурси да издвои над 17 милиони евра да направи еден таков хидросистем и покрај тоа што е докажано дека соседната држава, Република Грција, членка на Европската унија, немилосрдно ги исцрпува подземните води од акваториумот на Дојранското Езеро.

Доколку не беше изграден овој систем, што е во функција неполни двипол години Дојранското Езеро сега ќе беше бара, мочуриште или трстник. Меѓутоа, со функционирањето на овој систем, ние, како недоволна мера, некаде со волумен од она што претставува оптималниот капацитет од 50 до 60% на овој системс е донесува вода во Дојранското Езеро, од онаа минимална количина односно минимална кота што беше 141,08 метри, сега, после двеипол години функција на сситемот, со прекини од половина година во период од 31 декември 2002 до 31 декември, всушност до денешен ден 2005 година, Езерото има волумен, има кота 143,37, што ќе рече дека нивото на водата се подигнало за 2,29 метри. Тоа е плод како на добрите хидролошки услови во овие изминати 3 години, вклучувајки ја и оваа година, така исто и на функционирањето на системот штопридонел за повеќе од половина метро водите на Дојранското Езеро да бидат подигнати.

Ако се согласиме дека националното богатство нема цена и дека најважно за секоја држава е заштита на природните реткости и националното богатство, тогаш тука не може да стане збор дека нема пари и да споредиме купување на мебел, опрема и возила и машини со тоа што значи едногодишен Буџет, да речеме од 150 милиони денари, што значи бесценето богатство за спас на Дојранското Езеро.

Тука се битни три моменти што мислам дека минситерот треба да ги има во предвид и да ги уважи:

Прво, Комисијата едногласно, пред три месеци усвои Инфорамција на пратеникот Владо Паунков со која што апелираше Владата да го земе во предивид:

Прво, предвиденото поскапување на струјата, со оглед на тоа дека најголем дел од трошоците за системот "Спас на Дојранското Езеро" оди во делот на плаќање на струја кон Електростопанство на Република Македонија, иако имаше предлог во 2004 година струјата во следните 5 години да биде со одлука на Владата отпишана како контрибуција на државата Република Македонија во делот на заштита на националното богатство. Тоа не се усвои, така што продолжи да тече она што значи долг на системот "Спас на Дојранското Езеро" кон ЈП Електростопанство на Република Македонија.

Второ, во текот на употребата на она што претставува цевоводот во овие изминати три

години и изливните базени, десете цевасти бунари и шесте центрифугални пумпи во изливните базени, се појавија и механички расипувања кои предизвикуваат потреба од овие дополнителни 25 милиони денари што ги бараме како Комисија заради тековно, механичко одржување и одржување во добра исправност на пумпите.

Трето, на ваков начин покажувајќи доследност во стратегијата за зачувување на животната средина особено во делот на она што ќе претставува ИПА, оние претпристапни фондови каде најголем дел, мора да се согласи и министерот, ќе оди во руралниот развој, а Дојран е рурално подрачје, Езерото е веќе во една фаза кога Република Македонија може да аплицира со проект во тој дел за заштита и развој на руралната средина и овозможување минимални стандарди за економскиот рурален потенцијал на Дојран, едноставно ние со овој амандман докажуваме дека со 25 милиони денари дополнителни давачки за кои Комисијата едногласно се согласи дека се нужни, потребни, на таков начин докажуваме дека во иднина имаме шанса да користиме многу повеќе средства затоа што со локалната контрибуција која најчесто отсуствува имаме желба, имаме мотиви, меѓутоа, немаме пари. На овој начин докажуваме дека со локалната контрибуција можеме да аплицираме за многу поголеми средства од Унијата која за овие проекти издвојува сигмификантни средства во износи од милијарди и милијарди евра.

Од тие причини сметам дека одбивањето на овој амандман е нерационално, не држи се бараат само 400-тини илјади евра, пари кои би оделе во државната каса плаќајќи ја струјата кон ЕСМ и овозможувајќи системот да продолжи со полнење во оној обем кој ќе значи за 4-5 години враќање на Дојранското Езеро во својата првобитна состојба односно да го исполниме нашиот долг кон природата и кон тактовината Република Македонија.

Барам поддршка од пратениците затоа што амандманот е рационален, корисен и практичен. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине министре барате збор или реплика?

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Нема потреба да се драматизира работата со фаза до која господинот Ѓорчев сега кажа дека ќе настане потоп, односно во оваа ситуација обратно од потопот, ако ова го нема.

Има обезбедено 45 милиони денари за оваа намена, тие средства се доволни и ако добро се сеќавате и минатата година кога расправавме за буџетот за истиот проблем најголемите критики кон Владата беа ќе ви запре системот, ќе ви запре системот, еве дојде крајот на 2005 година, не запре системот. Нема да запре ни во 2006 година, нема потреба од толкава бојазност. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе, јас лично и Либералната партија ќе дадеме поддршка на овој амандман затоа што навистина е неприфатливо од ставката за набавка на мебел, инвентар и т.н. не можеме да одвоиме дел од средствата за одржување на системот за спас на Дојранското Езеро, еден систем кој го врати во живот ова Езеро. Купувањето на мебел е нешто што може да се одложи, меѓутоа, континуитетот во одржувањето на нивото на Дојранското Езеро е нешто што не може да се одложи, потребно е да има повеќе пари не само минимално да функционира овој систем, туку да функционира со поголема издашност односно со поголем капацитет за што побрзо нивото на Езерото да се врати во нормални рамки.

Не можам да го прифатам образложението на министерот за финансии дека веќе од оваа ставка од која бараме земање односно симнување на средства земени се средства, па затоа не може овие средства да се префрлат за овој систем.

Апсолутно набавката на мебел и инвентар е нешто што може да почека, затоа ќе дадеме поддршка на овој амандман. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе, сакам да ја искажам поддршката за овој амандман и барам од пратениците на парламентарното мнозинство многу сериозно да размислат пред да го притиснат гласачкото копче. Можеби се сеќаваат дека во текот на оваа година и минатата 2004 година неколку пати се навраќавме на проблемот со функционирањето на хидросистемот "Спас на Дојранското Езеро" и преку пратенички прашања и во други дискусии многу често се навраќавме на овој проблем, бидејќи имаше огромни проблеми со функционирањето на овој хидросистем најпрвин со тоа што вработените не можеа да земат плата, со огромните долгови кои ги имаат кон ЕСМ, меѓутоа, и за време на поплавите кога беа оштетени делови од хидросистемот за спас на Дојранското Езеро и проблемите кои понатаму се јавија со техничката исправност на опремата.

Јас би сакала да нагласам дека не смееме и оваа 2006 година која ќе дојде да го ставиме под прашање функционирањето на овој хидросистем, бидејќи тоа е не само спас на Дојранското Езеро, тоа е хидросистем за спас на Република Македонија од еколошки аспект, а пред се спас на иднината на целиот овој регион, бидејќи е поврзан со Дојранското Езеро, со враќањето на водата во Дојранското Езеро, со основната гранка со која се занимаваат луѓето од овој крај, не само рибарството, туку и туризмот. Гледаме дека од

година во година се поголем број на туристи се враќаат на Дојранското Езеро, ова не смее да се сфати и да се занемари и да биде поважна ставката купување мебел и опрема која е во износ од 150 милиони, а овде се бара само 25 милиони од овие 150 да се префрлат за спас на хидросистемот односно спас на Дојранското Езеро.

Мислам дека е несериозно да се тврди дека не можат да се земат пари од оваа ставка за да продолжи непреченото функционирање на овој хидросистем уште повеќе заради тоа што овој хидросистем во моментот сеуште не е максимално искористен заради овие проблеми кои и имаат посебно со ненаплатената електрична енергија.

Ние можевме да видиме во буџетот дека и наредната година се предвидува поскапување на електричната енергија. Што ќе се случи со функционирањето на хидросистемот. Премиерот на телевизија ги излажа сите граѓани, па се обиде и нас пратениците кои го имаме видено буџетот, да тврди дека нема да се покачи електричната енергија, а гледаме дека во буџетот се предвидува покачување на електричната енергија. Значи, со тоа и зголемување на трошоците на овој хидросистем, тогаш како во моментот овој хидросистем кога има проблеми, што ќе се случи идната година, доколку не оделиме повеќе пари во буџетот за нормално функционирање и за исплаќање на обврските.

Од тие причини сметам дека е неопходно потребно сите пратеници, посебно парламентарното мнозинство да размислат дали не треба да се поддржи овој амандман кој јас би го дефинирала дека неговото име е амандман за спас на Дојранското Езеро. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Ако нема Господ тешко ќе го спасиме.

Повелете господине Мавровски, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Мислам дека и во расправите на комисиите и во расправата која се водеше за текот на буџетот се кажаа доста работи во однос на она што значи екологија и животна средина каде е токму овој проект за Дојранското Езеро.

Мислам дека министерот не директно министерот, туку Владата на Република Македонија мора да ги изнајде овие средства не само за спасот на Дојранското Езеро, многу скоро ќе треба да разговараме и за спасот на Преспанското Езеро затоа што како што работиме очекуваме работата да дојде до крај и тогаш се вклучуваме сите, но, сега говориме за субвенции од 40 или 50 милиони, тогаш ќе говориме со милијарди, ќе има оштетување за наредните 10 години да не може ништо да се врати и тука е основниот проблем.

Како што беше претходното тие 7 милиони за санирање на жешки еколошки точки за кои Комисијата за транспорт и врски треба да даде нов амандман, мислам дека треба да се има слух затоа што токму Министерството за екологија во последните две години донесе најмногу закони, но законите апсолутно нема да бидат валидни и нема да бидат во функција доколку не бидат поддржани со финансиски средства.

Во овој момент мислам дека тоа недостасува и токму тука треба да се види дали воопшто сакаме ова да продолжи како тренд и Дојранското Езеро да биде она што беше или ќе очекуваме утре и за Преспанското Езеро повторно да правиме одбор за спас или спас на Преспанското Езеро и се така некого да спасуваме.

Затоа пратениците од ВМРО-Народна партија даваат максимална поддршка за овој амандман на Комисијата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Ќахил имате збор, ајде да ве слушнеме.

**Аднан Ќахил:** Ајде да ви кажам, штом сакате да слушнете.

Благодарам претседателе, би сакал да кажам неколку збора во врска со овој амандман. Вчера кога дискутиравме во врска со општиот претрес кажав дека неколку сегменти од нашето живеење кои би требало да бидат финансирани од државата не се финансирани на соодветен начин иако морам да потврдам, по препораките од Европската унија, она што најмногу треба да обрнеме внимание, беше науката, образованието, екологијата и такви сродни дисциплини кои се предуслов за влез во Европска унија.

Сите се согласивме дека почетокот на преговорите за влез во Европската унија е нешто што е почеток и дека треба да работиме. Еден сегмент од работата е работата врз екологијата во Република Македонија.

Дојранското Езеро како еколошки систем е многу важен за нашата Република, но очигледно дека е важно и многу пошироко и затоа Европската унија става акцент на овие појави.

Јас се прашувам лично ако ние не ги почитуваме препораките каде во аналитичкиот рапорт или извештај што е даден од страна на Европската унија каде се вели стриктно дека оваа земја треба да се охрабрува да вложува во наука, образование, екологија, земјоделие и такви фундирани дисциплини, не знам на кој начин би сфатиле дека тоа би требало да го направиме. Европа не зборува со вокабулар дека мора, туку со вокабулар дека охрабрува. Но, очигледно ние не сме доволно храбри или не сакаме да сфатиме дека без еколошки проекти, без екологијата, без заштита на животната средина не можеме во Европа, едноставно Европа не може да не прими ако немаме соодветни еколошки стандарди и соодветно вложување во екологијата.

Парите со овој амандман ги сфаќам како пренасочување на дел од средствата кои би значеле одржување на Дојранското Езеро, надвор од тоа мислам дека е едно минорно помагање, бидејќи би требало, по правило, да се одвојат многу повеќе пари за заштита на Дојранското Езеро и околината, а и многу пошироко во

Република Македонија  што значи екологија и просторно планирање.

Тоа не се прави, не се прави на начин што и министерот за екологија доби многу помалку пари од минатата година, но очигледно некому тоа не му е важно, но можеме да поправиме ситуација со прифаќање на овој амандман барем во однос на техничките услови или како што се вели народно плаќање на струјата за одржување на тој хидросистем да можеме како така да фатиме чекор или приклучок во однос на европските модерни токови во однос на екологијата.

Мислам дека ако ова го направиме и прифатиме, сепак ќе покажеме дека даваме важност на она што дава и Европа. Ако тоа не го направиме очигледно дека она што во даден момент ни одговара нам и тоа го правиме, а не по препораките каде често пати знаеме да кажуваме дека ова го препорачува Европската унија, она го препорачува, во дадена ситуација Европската унија препорачува да се вложува во екологија, а ние како држава тоа не го правиме.

Мислам дека овој амандман треба да се прифати, јас ќе гласам за овој амандман и ги повикувам другите пратеници да гласаат за овој амандман, гласајќи за овој амандман, гласаме за почиста, подобра, поеколошка фундирана Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Краљевски, имате збор.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе, како што рековте вие и како што е навистина така со божја помош и со човечка воља, и со човечко умеење и знаење Дојранското Езеро денеска можеме да кажеме дека е спасено.

Само да ве потсетам, Проектот за спас на Дојранското Езеро од идеја проект до целосна реализација на Проектот ја направи Владата на премиерот Љубчо Георгиевски кога министер за земјоделство беше господинот Марјан Ѓорчев, предлагач на овој амандман, а министер за животна средина Марјан Додовски.

Проектот Дојранско Езеро не е завршен во смисла на негово одржување. Тој бара перманентно одржување и во таа насока го гледам поднесениот амандман од господинот Марјан Ѓорчев.

Значи, на претходната Влада и се падна во дел да го спасува Дојранското Езеро, а сегашната Влада и се падна во дел да го одржува системот за спас на Дојранското Езеро.

Затоа јас ќе гласам позитивно за овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Караџоски, имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе, исто така се јавувам во поддршка на амандманот, меѓутоа, мора да го корегирам господинот Краљевски, не станува збор за амандман на пратеник, туку на Комисија и тоа Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Токму од тие причини се јавувам за збор да дадам поддршка затоа што сметам дека сепак амандман поднесен од Комисија има поголема тежина од проста причина што најголем дел од работата во Собранието токму таму треба да се решава. Од онаа причина која Комисијата изградила став од присутните членови кои партиципираат и позиција и опозиција, изградила став дека еден ваков амандман треба да се поддржи. Сметам, мислам и секогаш такви амандмани ќе поддржувам, а и претставникот на Владата треба да ги прифати или барем парламентарното мнозинство да ги изгласа.

Инаку, не би требало да има дилема да се прифати овој амандман, независно колку средства се предвидени, дали се доволни или не, ништо нема да пречи ако бидат малку повеќе пари во таа насока затоа што сите ние знаеме што е Дојранското Езеро за Република Македонија  и ако неговиот став не се решаваше со финансиски средства и со суд на Владата на господинот Георгиевски до денеска немаше да имаме корист од Божјата помош затоа што во оваа насока тоа Езеро до сега ќе беше исушено.

Во секој случај повеќе треба да го ангажираме човечкиот фактор, а за да го ангажираме човечкиот фактор треба повеќе пари, сметам дека не би го оптоварувало буџетот ништо посебно ако овие средства бидат дополнително прифатени и на тој начин Проектот Дојранско  Езеро би се реализирал онака како што треба. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Паунков.

**Владо Паунков:** Благодарам претседателе, почитуван министре, 2005 година во Буџетот на Република Македонија  Владата одобори 50 милиони денари за системот Спас на Дојранското Езеро. Ефектите се евидентни. Од  тие средства ефикасно се искористени воглавно за испумпување на квалитетна и чиста вода од општина Богданци кон Дојранското Езеро.

Фактот дека овие средства овозможија ефектите да се видат во самото Дојранско Езеро на флората и фауната укажува на тоа овој систем, овој сложен хидротехнички систем ја исполнува својата улога. Меѓутоа, факт е дека системот се користи 50% од инсталираната снага односно не се користи целокупнната инсталирана снага што за нашите општини Дојран и Богданци од исклучително значење, со оглед на тоа што покрај тоа што овој систем треба да ја заврши својата еколошка мисија односно да го поврати нормалниот живот во Дојранското Езеро е еден од главните фактори што двете општини Богданци и Дојран сме заинтересирани за ставање во функција на овој систем во функција на наводнување на богданска котлина и на површините од дојранскиот регион.

Во тек е изградба и во завршна фаза е изградбата на хидромелиоративниот систем "Јужен Вардар" во кој систем треба да се вклучи и овој хидротехнички ситем "Спас на Дојранско Езеро", бидејќи подземните води општо е познато дека се најсигурни и најквалитетни води, односно имаме тогаш вода кога немаат површинските води, односно кога акумулациите, и вештачките акумулации се празни и на тој начин гарантира квалитетно земјоделско производство. Факт е дека нашиот крај без наводнување не може да опстои земјоделието. И од тие причини Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство ја изготви Информацијата што е доставена до вас, до вашето Министерство и до Владата, со тоа што овие средства да се покачат. Хидромелиоративниот систем "Спас на Дојранско Езеро" да се искористи барем 70 до 80%. Со тоа периодот за повраќај на водата во Дојранското Езеро се скратува, односно ќе го ослободи овој хидромелиоративен систем да го ставиме во функција на земјоделието од овој крај на нашата Република. Знаеме дека со напредокот на земјоделието во овој крај што е во застој ќе донесеме и просперитет на овие две општини.

Од тие причини молам овој амандман пратениците да го гласаат позитивно.

**Љупчо Јордановски:** Има збор пратеникот Ванчо Стаменков.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван претседателе овој амандман е поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство. Тоа е собраниско тело кое што ја работи оваа област од живеењето во Република Македонија, односно земјоделието, водостопанството и шумарството и нивната одлука треба да има тежина, тежина која што треба да се почитува, бидејќи е донесена од страна на пратениците и од власта и од опозицијата. Лошо е да се изместува лежиштето, односно тежиштето на проблемот и да се гледа преку добивање на политички поени за одредена партија. Треба да сфатиме дека оваа работа која што треба да се направи денеска со усвојување на овој амандман е поддржана прво од пратениците од власта и од опозицијата и едноставно тоа покажува дека тие луѓе кои што се најкопетентни избрани во оваа Комисија во Собранието сметаат дека работата е доведена до таа мера што треба да се издвојат повеќе пари за Дојранското Езеро. Така што да не го користиме овој амандман  дека ние многу се грижиме за Дојранското Езеро, а некои можеби и не го ни виделе Дојранското Езеро со години, не отишле таму да го видат. А факт е дека нешто што пропаѓаше и кое што беше доведено во фаза да се претвори во мочуриште, сега повторно, еве ова лето се забележа тоа, знам претседателе дека вие одите постојано таму, и му се врати животот. Ако се подигнат уште тие два метра многу брзо, значи за оваа сезона која што сега следи, ние ќе имаме враќање на целиот сјај на Дојранското Езеро. Затоа да го поддржиме овој амандман, да гласаме за него и едноставно и опозиција и позиција да заборавиме на политичките партии во овој момент.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 64 пратеници 59 гласале, 26 за, 4 воздржани, 29 против.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

**Марјан Ѓорчев:** Бидејќи резултатот е помал од 5%, 5 гласа.

**Љупчо Јордановски:** Ако за вас 1% значи 10% точно сте во право. Но од 26 до 40 има разлика.

**Марјан Ѓорчев:** Разлика од 5 гласа велам.

**Љупчо Јордановски:** Па нема разлика од 5 гласа. Од 26 до 40 да помине амандманот.

Се извинувам господине Ѓорчев. Знам дека амандманот многу ви значи, но тоа е математиката.

**Марјан Ѓорчев:** Од значење е за граѓаните на Дојран почитуван претседателе, а не мене. Им значи на граѓаните на Дојран.

**Љупчо Јордановски:** Но, математиката и притискањето се неумоливи.

Отворам претрес по амандманот на раздел 12101 програма 4, подпрограма 4Б ставка 489 и на раздел 09002 програма 2, подпрограма 20 ставка 482, поднесен од пратениците Благој Голомеов, Лилјана Ивановска и Соња Лепиткова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Голомеов.

**Благој Голомеов:** Благодарам господине претседателе, господине министре,

Овој амандман се однесува за Дојранското Езеро. Ние бевме многу поскромни, се бараат само 5 милиони додатни средства, со тоа износот од 45 милиони би бил 50 милиони како што беше на минатогодишни ниво. Тоа се средства отприлика кои се потребни само за потрошена електрична енергија додека одржувањето на системот и понатаму останува да се обезбедува од некои дополнителни извори, министерот за екологија. Така што мислев дека министерот ќе го прифати овој амандман, бидејќи навистина корекцијата е минимална и се бараат средства на минатогодишно ниво.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема ниеден пријавен за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 55 пратеници.

Дали координаторите на пратеничките групи можат да ме информираат дали можат да обезбедат мнозинство?

Процедурално господинот Чедомир Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседател. Очигледно нема кворум за гласање. Меѓутоа со оглед на тоа што ...

**Љупчо Јордановски:** Немојте да тврдите дека нема кворум, можеби ќе се собере кворум.

**Чедомир Краљевски:** Јас во таа насока сакам да ви кажам. Со оглед на тоа што содржината на поднесениот амандман од колегата Голомеев е слична, или блиску до идентична со претходниот амандман кој не го прифати, односно парламентарното мнозинство не го изгласа. Ние ќе покажеме доблест, ќе влеземе во салата и ќе гласаме за амандманот на колегата Голомеев и ќе направиме кворум за гласање.

Ги повикувам колегите да влезат во салата и да гласаат.

**Љупчо Јордановски:** Тоа не ви гарантира дека ќе биде усвоен амандманот.

Бидејќи имаме кворум, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 23 пратеници гласале за, 4 воздржани, 35 против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Господинот Краљевски процедурално.

**Чедомир Краљевски:** Претседателе, во името на пратеничката група на ВМРО Народна партија, барам 15 минути пауза.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам пауза од 15 минути.

Продолжуваме во 17,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 17,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со работа, поминаа повеќе од 15 минути.

Ве известувам дека во меѓувреме Комисијата за транспорт, врски и екологија, согласно член 166 став 2 од Деловникот на Собранието поднесе амандман на раздел 12 101 Програма 2, подпрограма 2, ставка 482 и на Раздел 09 002 Програма 2, подпрограма 20 ставка 482, со кој се согласил претставникот на Владата.

Дали е така министре?

**Никола Поповски:** Да.

**Љупчо Јордановски:** Значи тој е составен дел на текстот на Буџетот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 12 101 Програма 4 подпрограма 40 ставка 425 и на Раздел 09 002 Програма 2 подпрограма 20 ставка 483 поднесенод пратениците Благој Голомеов, Лилјана Ивановска и Соња Лепиткова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете министре.

**Никола Поповски:** Амандманот не се прифаќа затоа што износот за тие проекти за заштита на водите и сите локални контрибуции за помошта се обезбедени во Буџетот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Благој Голомеов.

Повелете господине Голомеов.

**Благој Голомеов:** Со овој амандман се бараат 3,5 милиони денари за локална контрибуција врз основа на проект кој е по Спогодба потпишана со Швајцарската Влада, кој почнува од 1.01.2006 година. Министерот рече дека сите средства се обезбедени за локална контрибуција, меѓутоа, не беше таков ставот од Министерството за животна средина, што очигледно има проблеми со локалната контрибуција не само за оваа програма туку и за низа други програми.

Затоа, сметам дека овој амандман треба да се поддржи.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи треба да гласаме.

Молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(Во салата нема кворум).

Течат 10 минути за обезбедување кворум.

(По поминувањето на десет минути)

Молам службите да го утврдат бројот на присутните во салата.

Почитувани пратеници пред да ја затворам седницата би сакал и дозволете од мое и од ваше име на сите граѓани на Република Македонија од католичката вероисповест да им ги честитам претстојните Божиќни празници.

Продолжуваме во понеделник во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 17,15 часот)